Влада на Република Северна Македонија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ЗА 2025 ГОДИНА

**Содржина**


Резиме.....3

I. Воведно обраќање.....3

II.Мисија.....4

III.Законска регулатива, функционална поставеност и кадровски потенцијал.............5

IV.Активности на Управата за заштита на културното наследство по сектори..............8

4.1. Капитални проекти од национално значење.....8

4.2. Сектор за идентификација, заштита и користење на културното наследство........9

4.3.Сектор за превенција и инспекциски надзор на културното наследство.................86

4.4.Сектор за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство.....93

4.5. Сектор за општи работи, финансии и правна заштита.....108

V.Финансиско работење.....121

VI.Контакт информации.....124


## РЕЗИМЕ

Во текот на 2025 година, Управата за заштита на културното наследство со својство на правно лице и орган во состав на Министерството за култура и туризам, ги спроведуваше своите активности во рамки на законските надлежности и утврдените програмски приоритети во областа на заштитата, унапредувањето и одржливото управување со културното наследство.

Годишниот извештај за работа дава сеопфатен и систематизиран преглед на работењето на Управата во изминатата година. Во него најнапред е содржано воведното обраќање, по што следува преглед на мисијата и стратешките определби на институцијата. Понатаму, извештајот ја разработува законската регулатива, функционалната поставеност и кадровските капацитети како основа за институционалното делување.

Во централниот дел е презентиран детален преглед на реализираните активности по сектори, при што се опфатени клучните постапки, мерки и иницијативи спроведени во текот на годината. Во овој дел, извештајот е конципиран како засебни целини произлезени од секторските извештаи, при што нумерацијата и структурата на поглавјата се задржани согласно нивната внатрешна организација. Во рамки на ова поглавје е даден и преглед на капиталните проекти од национално значење, чија реализација претставува важен сегмент од работењето на Управата. Дополнително, извештајот содржи осврт на финансиското работење, како и информации за контакт и комуникациските канали преку кои Управата обезбедува транспарентност и достапност кон јавноста.

Овој документ претставува показател за континуираната посветеност на Управата кон унапредување на системот на заштита на културното наследство и кон јакнење на институционалната отчетност и транспарентност.

## I. ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ

Во 2025 година, Управата за заштита на културното наследство дејствуваше со јасна визија и засилена динамика во унапредувањето на системот на заштита. Преку доследно и одговорно извршување на законските надлежности, беа преземени конкретни мерки за зајакнување на институционалниот капацитет и за унапредување на управувањето со културното наследство, како трајна вредност од национално значење и обврска кон идните генерации.

Изминатата година беше одбележана со значајно учество на меѓународно ниво – на 25. сесија на Генералното собрание на УНЕСКО во Париз ја реафирмиравме определбата на државата кон принципите на Конвенцијата за светско наследство од 1972 година, со посебен акцент на заштитата на исклучителната универзална вредност на Охридскиот регион – светско наследство со извонредна културна и природна вредност од глобално значење.

Во делот на капиталните проекти, по повеќегодишен застој беа преземени конкретни чекори за продолжување на реализацијата на проектот за Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник, како и за ставање во функција на двата музеи на Скопската тврдина – Кале. Овие

активности претставуваат значаен исчекор во ревитализацијата и соодветната презентација на културното наследство.

Во текот на годината интензивно се работеше и на воспоставување на првиот централизиран веб-базиран софтверски систем за водење на заштитните евиденции и Националниот регистар на културното наследство, со што за првпат се создава основа за интегрирана и унифицирана база на податоци за целокупното македонско културно наследство.

Паралелно, во завршна фаза е изработката на првата Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство, како стратешки документ што ги поставува долгорочните приоритети и насоки за развој, заштита и одржливо управување со културните добра во државата.

Со поднесувањето на овој годишен извештај, согласно член 144-б од Законот за заштита на културното наследство, ја потврдуваме нашата заложба за отчетност, транспарентност и институционална одговорност. Остануваме посветени на градење стабилен и ефикасен систем на заштита, во кој културното наследство ќе биде препознаено како темелна државна вредност и основа за одржлив развој.

## II. МИСИЈА

Управата за заштита на културното наследство, како орган во состав на Министерството за култура и туризам, претставува централна институција во националниот систем за заштита на културното наследство, со клучна улога во неговото унапредување и одржливо управување.

Во рамките на својата надлежност, Управата ги води и координира административните и стручните постапки поврзани со идентификацијата, валоризацијата, заштитата и користењето на недвижното, движното и нематеријалното културно наследство како дел од националното богатство на Република Македонија.

Нашата мисија е да обезбедиме функционален, ефикасен и транспарентен систем на заштита, заснован на законитост, професионалност и меѓуинституционална соработка. Во таа насока, Управата активно соработува со надлежните институции, меѓу кои Секторот за заштита на културното наследство при Министерството за култура и туризам, заводите и музеите, конзерваторските центри, библиотеките, Кинотеката, овластените субјекти за нематеријално културно наследство, како и со научната и стручната јавност.

Заштитата и негувањето на културното наследство го препознаваме како суштински дел од колективната национална меморија и идентитет, но и како ресурс од јавен интерес кој придонесува кон културниот развој и одржливиот туризам. Нашата определба е културното наследство да биде зачувано, валоризирано и пренесено на идните генерации во неговата автентичност и интегритет.

# III. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА, ФУНКЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ И КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ

За вршење на управните, стручните и други работи од областа на заштитата на културното наследство, согласно со Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија бр.20/2004), на ден 02.04.2004 година се формира Управата за заштита на културното наследство, како орган во состав на Министерството за култура, со својство на правно лице. Согласно Законот за измена на законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република С.Македонија бр.3/2025), а поради претходна промена на називот на Министерството за култура и туризам, се променува и називот на Управата, во Управа за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и туризам.

Во периодот од формирање на Управата, Законот за заштита на културното наследство е изменет и дополнет во повеќе наврати објавен во Службен весник на РМ бр. 20/2004; 71/2004; 115/2007; 18/2011; 148/2011; 23/2013; 137/2013; 164/2013; 38/2014; 44/2014; 199/2014; 104/2015; 154/2015; 192/2015; 39/2016; 11/2018; 20/2019 и Службен весник на РСМ бр. 3/2025 и 160/2025.

Надлежности на Управата за заштита на културното наследство согласно основниот Закон за заштита на културното наследство и измените и дополнувањата на истиот се:

1. Води управна постапка по предмети од областа на заштитата на културното наследство и донесува управни акти;
2. Ги подготвува актите од областа на заштитата на културното наследство што ги донесува Министерството за култура и туризам;
3. Учествува во управни и други постапки, поврзани со културното наследство и неговата заштита, што ги водат други надлежни органи;
4. Покренува иницијативи и поведува постапки пред надлежни органи, за работи што се од јавен интерес за културното наследство и неговата заштита;
5. Го координира спроведувањето на националните и стратегиски значајните проекти, планови и програми во остварувањето на заштитата на културното наследство;
6. Предлага Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство;
7. Предлага Национален акциски план за превенција на криминалитетот против културното наследство и го координира неговото спроведување;
8. Ја предлага Приоритетната листа од членот 110 од Законот;
9. Ја координира меѓународната соработка во врска со заштитата на културното наследство;
10. Формира одбори за нематеријално, недвижно и движно културно наследство како советодавни тела;
11. Формира координативен одбор за заштита на културни добра во случај на вооружен судир и други постојани и привремени помошни тела.
12. Ја следи и анализира состојбата на културното наследство и предлага акти и мерки за остварување, развој и унапредување на неговата заштита;
13. Води централна евиденција и посебни национални инвентари на културното наследство, во смисла на законот и ратификуваните меѓународни договори;

14. Врши класифицирање според Националната класификација на културното наследство;
15. Го води Националниот регистар на културното наследство;
16. Ги врши работите поврзани со воспоставувањето, организирањето и развојот на Информативниот систем за културното наследство на РС Македонија;
17. Врши работи на безбедносна заштита и заштита на културното наследство во случај на вооружен судир и природни непогоди;
18. Врши работи на заштита од физичко оштетување забрзано од загадувањето и унапредување на квалитетот на животната средина во заштитените подрачја;
19. Управува со културното наследство во државна сопственост, за кое правото на користење не му е дадено на друг носител на тоа право или за кое не е дадена концесија;
20. Ги врши работите во врска со остварувањето на правото на првенствено купување, утврдувањето на правичните надоместоци, висината на наградата за случајно откритие, обезбедувањето по пат на хипотека и други работи од имотно-правна природа од областа на заштитата на културното наследство;
21. Подготвува планови и програми за заштита на културното наследство согласно закон;
22. Ја следи примената на ратификуваните меѓународни договори од областа на заштитата на културното наследство, предлага и презема активности за остварување на правата и обврските што произлегуваат од нив и подготвува национални извештаи за нивната примена;
23. Ги врши работите на инспекцискиот надзор над спроведувањето на прописите за заштита на културното наследство согласно со закон;
24. Ги води работите во врска со меѓународната соработка и помош во областа на заштитата на културното наследство и
25. Организира вршење на други работи од областа на заштитата на културното наследство од надлежноста на Министерството за култура и туризам, утврдени со закон.

Организационата структура на Управата за заштита на културното наследство, според Правилникот за внатрешна организација, ја сочинуваат 4 сектори и 15 одделенија:

**1. Сектор за идентификација, заштита и користење на културното наследство**

- Одделение за недвижно културно наследство;
- Одделение за движно културно наследство;
- Одделение за нематеријално културно наследство;
- Одделение за интегрирана заштита на културното наследство;
- Одделение за евиденција на културното наследство.

**2. Сектор за превенција и инспекциски надзор на културното наследство**

- Одделение за превенција на културното наследство;
- Одделение за инспекциски надзор за заштита на културното наследство.

**3. Сектор за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство**

- Одделение за меѓународна соработка;
- Одделение за документација на културното наследство;
- Одделение за регистрација на културното наследство и ИТ поддршка;
- Одделение за дигитализација на културното наследство.

**4. Сектор за општи работи, финансии и правна заштита**

- Одделение за правна заштита;
- Одделение за архивски и стручно-административни работи;
- Одделение за финансиски прашања.

**5. Одделение за управување со човечки ресурси** (самостојно одделение)

Управата има вкупно 102 систематизирани работни места, од кои 100 за административни службеници и 2 работни места без таков статус. Од предвидените работни места пополнети се 43 работни места, од кои едно работно место е во мирување по основ на неплатено отсуство.




**Органограм на Управата за заштита на културното наследство**

## IV. АКТИВНОСТИ НА УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ПО СЕКТОРИ

### 4.1.Капитални проекти од национално значење

- **Довршување на музеите на Скопското Кале**

По долг временски застој, Управата за заштита на културното наследство го потпиша договорот за завршување на двата музеи на праисторискиот и османлискиот период на Скопското Кале – еден од најзначајните симболи на културното наследство на Македонија. Со овој договор е предвидена целосна санација и адаптација на овие два објекта, со што овој вреден простор ќе биде збогатен со дополнителни содржини кои ќе претставуваат сведоштво за континуитетот на животот во Скопје низ милениумите. Средствата за овој капитален проект се обезбедени од страна на Владата на Република Македонија со ребалансот на Буџетот за 2025 година, а инвеститор е Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и туризам.

Интервенциите се насочени во делот на санирање на оштетените делови, сервисирање на опрема во делот на машинството и електриката и спречување на понатамошна деградација на објектите, со цел нивна долгорочна заштита и функционалност, при што, по седум години одлагање, ќе се создадат услови за ставање во функција на музеите, со што движното културно наследство пронајдено на Скопското Кале ќе стане достапно за јавноста. Во таа насока, Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), со поддршка на општините Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел и Ѓорче Петров, на барање на Управата, со ангажман на стотина работници започна со расчистување на вегетацијата на Скопската тврдина Кале.

Овој проект претставува значаен чекор за развојот на туризмот, како и за промоција и популаризација на Скопската тврдина Кале, особено како подготовка и придонес кон успешна реализација на проектот „Скопје – Европска престолнина на културата 2028“. Двата музеи се очекува да бидат пуштени во употреба во текот на првата половина на 2026 година, имајќи го предвид зголемениот интерес од страна на научната јавност, медиумите, како и од сè бројните домашни и странски посетители на главниот град.

- **Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник**

Во извештајниот период, Управата за заштита на културното наследство презеде активности со цел надминување на застојот и повторно активирање на процесите поврзани со проектот за Плаошник. Во повеќе наврати беа остварени средби со претставници на локалната самоуправа и економските оператори – изведувачи на градежните работи, при што се разговараше за динамиката на активностите поврзани со реализацијата на договорот и ставањето во функција на проектот за возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник, односно за довршување на работите согласно договорот и взаемните обврски кои произлегуваат од него.

Поконкретно, станува збор за завршување на Богословскиот факултет во делот на фасадата, кровната конструкција на ламела 2, дел од ѕидарските работи, како и ентериерот, столаријата и дел од бетонските работи и слично, за што во ребалансот на Буџетот за 2025 година Владата, преку Управата како инвеститор, издвои соодветни средства.

По извршениот увид во работите од страна на Управата за заштита на културното наследство, јавноста беше информирана дека во изминатиот период

биле вложени ограничени средства во реализацијата на овој капитален проект, при што дошло до застој на градежните работи, како и до одредени оштетувања на објектите, кои негативно се одразуваат врз сликата за туризмот Охрид, како значаен културен и духовен центар, препознаен како лулка на христијанството.

Во таа насока, извршен е увид во целокупната документација, а во тек е подготовка на извештај кој ќе биде презентиран пред Владата, со цел обезбедување услови за понатамошна реализација на проектот. Со Буџетот за 2026 година, Владата на Република Македонија има одобрено средства за негова реализација.

## 4.2. Сектор за идентификација, заштита и користење на културното наследство

Во **Секторот за идентификација, заштита и користење на културното наследство** се вршат работи што се однесуваат на идентификацијата и режимот на заштита и користење на културното наследство.

Работите во Секторот се вршат преку: *Одделението за недвижно културно наследство, Одделението за интегрирана заштита, Одделението за движно културно наследство, Одделението за нематеријално културно наследство и Одделението за евиденција на културното наследство.*

Во текот на 2025 година, во согласност со работни цели и работни задачи пропишани во Правилникот за систематизација на работните места во Управата за заштита на културното наследство, извршени се следните работи и задачи:

### I . НОРМАТИВНО-ПРАВНИ РАБОТИ

### 1.1. Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика

Учество на Раководителот на Сектор за идентификација, заштита и користење на културното наследство и Директорот на Управатат за заштита на културното наследство на 20. состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и РС Македонија, чиј домаќин беше Брисел, а се одржа на 23 јануари 2025 година, преку видео-конференциска врска. Во делот Поглавје 26. Образование и култура, Министерството за култура и туризам (МКТ)/Управата за заштита на културното наследство извести за подготовката на Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство 2025–2029 која е во тек на изработка.

### 1.2. Доставени мислења по предлог-закони и законски измени

Во рамките на меѓусекторска соработка, од Раководителот на Сектор за идентификација, заштита на културното наследство и советникот за правни работи во Секторот за општи работи, финансии и правна заштита до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини доставени се:

- Мислење по Предлогот на Закон за геологија;
- Мислење по Предлогот на Закон за рударство;
- Мислење во однос на постапката за измени и дополнувања на Законот за административни такси.

### 1.3. Национален Едношалтерски систем (NSW)

Во рамките на активностите **за Хармонизација и мапирање на податоците за Националниот Едношалтерски систем (NSW),** во просториите на Управата за заштита на културното наследство, меѓуинституционалната Работна група за НЕС, на 17.12.2025 година одржа работен состанок на кој присуствуваа претставници од Управата за заштита на културното наследство: Раководителот на Сектор за идентификација, заштита и користење на културното наследство, помлад соработник за музејски и приватни збирки, помлад соработник за интегрирана заштита на археолошки локалитети и наоѓалишта и претставници од Царинска Управа на РМ: Началник на Одделение за едношалтерски систем, консултант од Латона и самостоен советник за раководење со проекти. На состанокот беше извршена валидација на Excel табела подготвена за Управата, со цел да се консолидираат и усогласат податоците што се користат во тековни постапки за изнесување/извоз на заштитени/незаштитени добра согласно Стадардната дозвола, Специјална дозвола, Општа отворена дозвола и Уверение за извоз на незаштитени добра со Европскиот царински модел на податоци (EUCDM 7.0).

### 1.4. Функционална анализа

Раководителот на Секторот за идентификација, заштита и користење на културното наследство изработи Функционална анализа за Секторот за идентификација, заштита и користење на културното наследство за 2025, што беше потребно за изготвување на Правилник за систематизација на работните места во Управата за заштита на културното наследство.

1.5. Учество на Раководителот на Секторот за идентификација, заштита и користење на културното наследство во работата на Работната група за изготвување на предлог измени и дополнувања на Законот за заштита на културното наследство.

## II. СТУДИСКО - АНАЛИТИЧКИ РАБОТИ

**2.1.** Согласно со законските обврски кои произлегуваат од член 71 став 4 од Законот за заштита на културното наследство, изработен е **Предлог - Програма за изработка на заштитно-конзерваторски основи за**

**просторни и урбанистички планови во Република Македонија во 2026 година**, во рамките на Годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2026 година. За изготвувањето на оваа предлог Програма доставени се барања до 81 единица на локалната самоуправа со цел да достават на Предлог-Годишни програми за донесување на урбанистички планови, по кое барање одговорија 29 општини. По однос на добиените Предлог-Годишни програми од единиците на локална самоуправа, извршена е проверка и селекција на плановите во кој има културно наследство, врз основа на што е изработена Предлог-Програма за изработка на заштитно-конзерваторски основи за просторни и урбанистички планови во Р. Македонија во 2026 година и истата е доставена до Министерство за култура и туризам.

**2.2.** Дадено е мислење по однос на „Просторниот план на Источниот плански регион на Република С.Македонија, со Предлог план (2013-2030)".

**2.3.** Континуирано дополнување и ревизија на податоците од **Преглед листата на заштитени нематеријални културни добра и оние кои се во процедура на заштита** согласно пропишаната законска легислатива.

## III. УПРАВНО – ПРАВНИ РАБОТИ

### 3.1. УПРАВНИ ПРЕДМЕТИ ВО ПРВ СТЕПЕН

#### 3.1.1. Дозволи за вршење на археолошки истражувања

Во извештајниот период, согласно член 55 од Законот за заштита на културното наследство, издадени се вкупно **88 дозволи за вршење археолошки истражувања**, и тоа:

| **Носител** | **Локалитет** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| НУ Национален Конзерваторски центар Скопје | *систематско археолошко истражување на локалитетот „Градиште", с. Горна Бањица, КО Гостивар*<br>--------------<br>*сондажно археолошко истражување на локалитетот „Грнеица", с. Ваташа*<br>----------------------<br>*археолошко рекогносцирање за изградба на Интерконективниот гасовод Р.С. Македонија – Р. Грција (Општина Неготино и Општина Демир Капија)* | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| НУ Конзерваторски центар - Скопје | *Заштитни археолошки истражувања на Споменичка целина „Антички град Скупи“ КП 929/1, КП 938/1, КП 938/2, 939/6,*<br>*КП 937/2 КО Злокуќани*<br>--------------<br>*Заштитни археолошки истражувања на*<br>*Споменичка целина „Антички*<br>*град Скупи“ дел од КП 1414/1 КО*<br>*Злокуќани*<br>---------------<br>*Заштитни археолошки истражувања на*<br>*Споменичка целина „Антички*<br>*град Скупи“ на КП 971, КП 970/1 и*<br>*КП 992/5 КО Злокуќани*<br>--------------------<br>*Заштитни археолошки истражувања на КП 139/1, и КП 141/4 КО Чаир, Општина Бутел, во Контактна зона на Споменикот -*<br>*Аквадукт - Скопје*<br>--------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на КП*<br>*950/2, КП 954, КП 959/1, КП 948/8,*<br>*КП 948/15, КП 948/10, КП 946/3, КП 1416/3,*<br>*КП 991/4, дел од КП 993/1, КП 7081/3, дел од*<br>*КП 1257/1, дел од КП 7060/1, КО Злокуќани,*<br>*Општина Карпош-Скопје*<br>-------------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на*<br>*КП 396/10 КО Орман-вонград, Општина*<br>*Ѓорче Петров, Скопје во Контактна зона на*<br>*Античката населба „Коњушница“, с. Орман* | **6** |
| НУ Конзерваторски центар - Гостивар | *Сондажнио археолошко истражување на локалитетот Ѓоновичко Кале, е с. Горна Ѓоновица. КО Гостивар*<br>--------------------<br>*Сондажни археолошки истражувања на локалитетот „Калаја“ с. Равен -Гостивар* | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп | *Заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Лозја“, с. Заполжани-Општина Долнени*<br>--------------<br>*Заштитни археолошки истражувања на лок. „Лозја“, с. Дупјачани, Општина Долнени*<br>-------------<br>*Заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Слатина“, с. Долнени, Општина*<br>*Долнени*<br>------------<br>*Заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Сурун“, с. Долнени, Општина Долнени*<br>------------<br>*Заштитни археолошки истражувања на гробнициво карпа од т.н. „македонски тип“ на локалитетот „Крклари“- Прилеп, завршна фаза*<br>-------------<br>*Заштитни археолошки истражувања на гробници во карпа од т.н. „македонски тип“ на локалитетот „Марков Чардак“-Прилеп, завршна фаза*<br>----------------<br>*Заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Долиште“, с. Прилепец-Прилеп*<br>-----------------<br>*Заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Роклејца“, Прилеп за 2025 година*<br>*систематски археолошки истражувања на*<br>*локалитетот „Бедем Стибера“,с. Чепигово*<br>*Прилеп,*<br>---------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на*<br>*гробници во карпа од т. н. „македонски тип“* | **11** |

| | | |
|---|---|---|
| | *на КП 1468/1, КО Варош, археолошки локалитет „Мечкина дупка“; КП 1858/1, КО Горно село, археолошки локалитет „Грло“ и КП 333/1, КО Алданци, археолошки локалитет “Разбојна дупка“, Прилеп*<br>*--------------------------*<br>*археолошки рекогносцирања на простор опфатен со Урбанистички проект за подрачја и градби од државно значење (УППГДЗ), за изградба на Ветерна Електрана Крушево, 2025,* | |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид | *Заштитни археолошки истражувања на КП 4036/5, КО Охрид 4, Охрид*<br>*-----------------*<br>*Заштитни археолошки истражувања на КП 4110/1, КП 4111/2, место викано „Патерица“ населба Ласкајца КО Охрид 4- Охрид*<br>*---------------------*<br>*Заштитни археолошки истражувања на КП 4036/5, КО Охрид 4, Охрид*<br>*-------------------------------------*<br>*систематски археолошки истражувања на локалитетот „Рајца - Ранохристијанска Базилика“, с.Љубаништа - Охрид*<br>*-----------------------*<br>*Заштитни археолошки истражувања на КП 4107/2, КО Охрид 4, Охрид*<br>*----------------------*<br>*систематски археолошки истражувања на локалитетот „Самоилова Тврдина“- Цитадела во Охрид*<br>*------------------------*<br>*сондажни археолошки истражувања на КП 15901/8, КО Охрид 3, Општина Охрид*<br>*------------------------*<br>*заштитни археолошки истражувања на локацијата КП 15701/2, КО Охрид 3,* | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| | *Општина Охрид* | |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола | *Археолошко рекогносцирање на дел од патен Коридор 10, делница на автопатот Прилеп-Битола, на територијата на Општина Могила и Општина Битола,*<br>-----------------------<br>*Сондажни археолошки истраж. На археолошкиот локалитет „Наколец 1“, с. Наколец-Ресен*<br>--------------------------<br>*Сондажни археолошки истраж. на средновековниот локалитетот„Кале“ – Битола, за 2025 година*<br>--------------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на дел од трасата за изградба на Коридор 10, делница на автопатот Прилеп-Битола, на археолошките локалитети: „Мала Чука“, КО Лознани, „Бел Камен КО Вашарејца, „Црквиште“, КО Беранци, „Смоквиште“, КО Беранци, „Висои“ КО Црнобуки, за 2025 година*<br>------------------------<br>*заштитни археолошки истражувања во црквата Свети Димитрија, с. Градешница, за 2025 година*<br>-------------------------<br>*систематско археолошко истражување на локалитетот „Градиште“ с.Црнобуки* | **6** |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Штип | *Заштитни арх.истраж. на локалитетот „Баргала“, Базилика Екстра Мурос*<br>------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Баргала“, Црква Св. Ѓорѓи*<br>---------------------------- | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | *сондажни археолошки истражувања на локалитетот „Св. Атанасие“, с. Спанчево, Општина Чешиново-Облешево* | |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица | *Сондажни археолошки истражувања на локалитетот Пирго-Каљ'ната, с. Мокриево-Општина Ново Село* ---------------- *систематско археолошко истражувања на локалитетот „Св. Четириесет Севастиски Маченици“, Струмуца* ----------------- *систематско археолошко истражувања на локалитетот Ќеразлк, с.Баница, Струмица* ------------------ *систематско археолошко истражувања на локалитетот Орниче, с.Костурино, Струмица* ----------------------------------- *Заштитни арх.истраж. на локалитетот на езерската наколна населба „Мрдаја“-Дојран 2025 година, УП бр.08-671 од 22.07.2025 година* ----------------------------------- *археолошко рекогносцирање на трасата од ИНТЕРКОНЕКТИВНИОТ ГАСОВОД Р.С.МАКЕДОНИЈА - Р.ГРЦИЈА од СТАЦИОНАЖА Км 00 до СТАЦИОНАЖА Км 38,5, УП бр.08-718 од 01.08.2025 година* | **6** |
| НУ за Управување со археолошкиот локалитет Стоби-Градско | *Систематски археолошки истражувања на Објект т.н. Затвор во Стоби* ----------- *систематско археолошко истражувања на локалитетот „Доистражување на Градбата со арки во Стоби за 2025год* ----------------------- *систематски археолошки доистражувања на Градбата со арки во Стоби за 2025* | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | *година* | |
| НУ Археолошки музеј на РС Македонија-Скопје | *Систематски арх. истраж.на лок. „Големо Градиште“, с. Коњух-Кратово*<br>------------<br>*Сондажни археолошки истражувања на локалитетот „Исар“, с. Марвинци-Валандово*<br>-------------<br>*Систематски археолошки истражувања на локалитетот „Тумба-Маџари“, Скопје*<br>--------------------<br>*Рекогносцирање-Кратовско*<br>--------------------<br>*сондажно археолошко истражување на локалитетот „Градиште“ с. Долно Лакочереј, Охрид*<br>--------------------<br>*Подводно археолошко истражување на локалитетот „Врбник“ - Струга*<br>----------------------<br>*Сондажно археолошко истражување на локалитетот „Видин Град“, с.Водоврати, Велес*<br>--------------------<br>*систематски археолошки истражување на археолошкиот локалитет „Милци“а Гевгелија*<br>---------------------------<br>*систематски археолошки истражувања на археолошкиот локалитет „Стакина Чешма“ во Валандово*<br>----------------------<br>*сондажни археолошки истражувања на римската некропола на археолошкиот локалитет „Исар“ с. Марвинци-Валандово, за 2025 година*<br>--------------------- | **12** |

| | | |
|---|---|---|
| | *систематски археолошки истражувања на Архајската некропола на археолошкиот локалитет „Корошишта“, с. Корошишта, Струга* <br> *------------------------* <br> *сондажни археолошки истражувања на археолошкиот локалитет „К'шла“, с. Коњух,* | |
| НУ Музеј Гевгелија | *Систематско археолошко истражување на локалитетот „Вардарски Рид“ Гевгелија* <br> *----------------* <br> *Систематско археолошко истражување на локалитетот „Брданов Камен“, Богданци* <br> *---------------* <br> *Систематско археолошко истражување на локалитетот „Вардарски Рид“, Гевгелија* <br> *-----------------------* <br> *недеструктивни археолошки истражувања (Георадарско снимање) на археолошкиот локалитетот „Вардарски Рид“- Гевгелија* | 4 |
| НУ Музеј - Куманово | *Сондажно археолошко истражување на локалитетот „Градиште“ с. Младо Нагориче.* <br> *---------------------------------* <br> *недеструктивно археолошко истражување -рекогносцирање во рамки на проектот „Теренска евиденција во функција на заштита на локалитетите во Кумановско“* <br> *----------------------------------* <br> *сондажни археолошки истражувања на археолошкиот локалитет „Градиште“, Бислимска клисура, с. Пчиња, Куманово* | 3 |
| ЈУ Музеј на град Скопје | *Систематски археолошки истражувања на локалитетот „Скупи“, Злокуќани за 2025 год.* | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | ---------------------------------- неинвазивни археолошки проспекции на археолошкиот локалитетот „Скупи“ и неговата непосредна околина со помош на современа технолошка опрема за копнено и аерално снимање за 2025 | |
| ОУ Народен Музеј-Свети Николе | Геофизичко истражување на локалитетот „Барутница“, с.Амзабегово, Свети Николе<br>--------------------<br>Систематски археолошки истражувања на локалитетот „Барутница“,с.Амзабегово-Свети Николе<br>--------------------<br>Систематски археолошки истражувања на локалитетот „Барутница“, с. Амзабегово-Свети Николе,<br>-----------------------------<br>систематски археолошки истражувања на локалитетот „Градиште Славков Дол“, Билазора, с.. Кнежје, Свети Николе | 4 |
| ОУ Музеј „Теракота“, Виница | Сондажно археолошко истражување на локалитетот „Русалински гробишта“с. Виничка Кршла, Виница<br>------------------------------<br>сондажни археолошки истражувања на локалитетот „Градиште 2“, с. Виничка Кршла, Виница | 2 |
| НУ Музеј „Доктор Никола Незлобински“, Струга | Сондажно археолошко истражување на локалитетот „Свети Архангел Михаил“-Струга<br>------------------<br>систематски археолошки истражувања на КП 11079 КО Струга | 2 |
| ЛУ Локален Музеј-Галерија Кавадарци | интервентни археолошки истражувања на локалитетот “Циганска запока“, населба Брушани, Тиквешко Езеро, Кавадарци за 2025 год | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| ЈНУ Институт за Старословенска култура | *Систематски археолошки истражувања на локалитетот Маркова Кула, с. Корешница*<br>-------------------------<br>*геомагнетни и георадарски археолошки истражувања за реализација на научно истражувачкиот проект „Византиските монашки центри во Р.С. Македонија“* | **2** |
| Проф. д-р Марјан Јованов | *систематски археолошки истражувања на храмот во античкиот град „Билазора“, с. Кнежје, Свети Николе за 2025 година* | **1** |
| Проф. д-р Антонио Јакимовски | *систематски археолошки истражувања на археолошкиот локалитет „Старо Бонче“, село Бонче-Прилеп, 2025 година* | **1** |
| Проф. д-р Бошко Ангеловски | *Сондажни археолошки истражувања на локалитетот „Дрма Бадер“,с.Бадер- КО Петровец, Скопје* | **1** |
| З.Г.Центар за археолошки истражувања | *Археолошки рекогносцирање на старите градови и тврдини во 2025 година* | **1** |
| Доц. д-р Гоце Наумов | *сондажни археолошки истражувања на неолитскиот локалитет „Врбјанска Чука“, кај с. Славеј-Пелагонија*<br>------------------<br>*сондажни археолошки истражувања на неолитскиот локалитет „Влахо“, кај с. Живојно*<br>-------------------<br>*Неинвазивно геофизичко скенирање на предисториските локалитети во Пелагонија, Скопскиот и Охридскиот регион, односно на локалитетите „Тумба“-Галичани, „Кланица“-Мажучиште, „Црквени Ливади“-Враништа, и „Слатина“-Зелениково* | **3** |
| Д-р Перо Синадиновски | *систематски арх. истраж. на лок. на локалитетот „Бегово Поле“, с. Дреново Кавадарци* | **1** |
| | **ВКУПНО** | **88** |

Во извештајниот период, во рамки на управната постапка за издавање дозвола за археолошко истражување согласно член 55 од Законот за заштита на културното наследство, доставени се **4 барања** за дополнување на документацијата и **1 известување** до надлежните институции

### 3.1.2. Решение за одбивање на барање за добивање на Дозвола за археолошко истражување

Во извештајниот период, согласно член 55 од Законот за заштита на културното наследство, донесени се **4 решенија за одбивање на барање за издавање Дозвола за археолошко истражување**, и тоа:

| **Носител** | **Локалитет** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| НУ Археолошки музеј на РС Македонија-Скопје | *систематски археолошки истражувања на археолошкиот локалитет „Големо Градиште“, село Коњух-Кратово* | **1** |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп | *заштитни археолошки истражувања на гробници во карпа од т. н. „македонски тип“ завршна фаза на археолошките локалитети „Марков Чардак“, с. Бело Поле; „Грло“, с. Горно Село; и „Крклари“, Дебарца- Прилеп* ---------------- *Заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Лозја“, с. Дупјачани, ОпштинаДолнени* | **2** |
| НУ Музеј Гевгелија | *Систематски археолошки истражувања на локалитетот „Брданов Камен“, Богданци* | **1** |
| | **ВКУПНО** | **4** |

### 3.1.3. Решение за запирање на постапка за издавање на дозвола за археолошки истражувања

Во извештајниот период, согласно член 54 од Законот за општата управна постапка, постапено е по **5 барања за запирање на постапка**, поднесени од установите за заштита на недвижното културно наследство, и тоа:

| **Носител** | **Локалитет** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| НУ Археолошкиот музеј на Р.С. Македонија – Скопје | *археолошки истражувања и тековно одржување на средновековниот кастел Кожле, с. Летевци, општина* | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| | *Петровец* | |
| НУ Завод за заштита на споменицитe на културата и Музеј - Прилеп | *заштитни археолошки истражувања на локалитетите „Слатина“, с. Долнени, „Лозја“, с. Дупјачани и „Сурун“,с. Дупјачани* | 1 |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Штип | *сондажни археолошки истражувања на Могила 3 локалитетот „Беш Тепе-Анче“, с. Карбинци* | 1 |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид | *систематски археолошки истражувања на локалитетот „Рајца-Ранохристијанска базилика“, с. Лубаништа-Општина Охрид* | 1 |
| ЗГ- Центар за проучување и промоција на културата „Артефакт“, Скопје | *систематски археолошки истражувања на Храмот во античкиот град „Билазора“, с. Кнежје, Свети Николе* | 1 |
| | **ВКУПНО** | 5 |

### 3.1.4. **Решение за дополнителни елементи на управени акти** - Дозвола за археолошки истражувања)

Во извештајниот период, по барање на установите за заштита на културното наследство за продолжување на веќе започнатите археолошки истражувања, издадени се **10 решенија за дополнителни елементи на управни акти** – Дозволи за археолошки истражувања за продолжување на веќе започнатите археолошки истражувања, согласно член 89 од Законот за општата управна постапка, и тоа:

| **Носител** | **Локалитет** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| НУ Археолошки музеј на Р.С.Македонија-Скопје | ▪ *Архајската некропола на археолошкиот локалитет „Корошишта“, с. Корошишта, Струга*<br>▪ *систематски археолошки истражувања на археолошкиот локалитет „Милци“, Гевгелија* | 2 |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола | ▪ *подводни археолошки рекогносцирања во водите на Преспанското езеро со делумни активности на копно поради повлекувањето на водата*<br>▪ *сондажни археолошки истражувања на археолошкиот локалитет „Наколец 1“,*<br>*с. Наколец-Ресен*<br>▪ *подводни археолошки рекогносцирања во водите на Преспанското езеро со делумни активности на копно поради* | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | *повлекувањето на водата (продолжување)* | |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп | ▪ *заштитните археолошки истражувања на гробници во карпа од т. н. „македонски тип“ на археолошкиот локалитет „Крклари“, Прилеп-завршна фаза* | **1** |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Струмица | ▪ *заштитни археолошки истражувања на езерската наколна населба „Мрдаја“-Дојран 2025 година* | **1** |
| З.Г.Центар за археолошки истражувања | ▪ *реализирање на Проектот „Археолошки рекогносцирања на старите градови и тврдини во 2025 година“,*<br>▪ *реализирање на Проектот „Археолошки рекогносцирања на старите градови и тврдини во 2025 година“ (продолжување)* | **2** |
| ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп | ▪ *научно истражувачкиот проект „Византиските монашки центри во Р.С. Македонија“* | **1** |
| | **ВКУПНО** | **10** |

### 3.1.5. Решение за огласување за ништовно на управен акт - Дозвола за археолошки истражувања

Во извештајниот период, по службена должност, согласно член 124 став 1 алинеја 3 од Законот за општата управна постапка, издадено е **1 решение за огласување за ништовност на управен акт** – Дозвола за археолошки истражувања, и тоа:

| **Носител** | **Дозвола за археолошки истражувања** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп | за заштитни археолошки истражувања на гробници во карпа од т. н. „македонски тип“ на археолошкиот локалитет „Марков Чардак“, с. Бело Поле -завршна фаза | 1 |
| | **ВКУПНО** | 1 |

### 3.1.6. Решение за исправка на техничка грешка

Во извештајниот период, согласно Законот за општата управна постапка, издадено е **1 решение за исправка на техничка грешка на дозвола за археолошки истражувања**, и тоа:

| **Носител** | **Решение за исправка на техничка грешка на Дозвола за археолошки истражувања** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола | ▪ за *сондажни археолошки истражувања на археолошкиот локалитет „Наколец 1“, с. Наколец-Ресен* | **1** |
| | **ВКУПНО** | **1** |

### 3.1.7. Решение за изменување на Дозвола за археолошки истражувања

Во извештајниот период, согласно Законот за општата управна постапка, издадени се **2 решенија за изменување на управен акт** – Дозвола за археолошки истражувања, и тоа:

| **Носител** | **Решение за изменување на управен акт - Дозвола за археолошки истражувања** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип | ▪ *заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Баргала“, Базилика Екстра Мурос, Карбинци* | **1** |
| НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински“-Струга | ▪ *систематски археолошки истражувања на КП 11079 КО Струга* | **1** |
| | **ВКУПНО** | **2** |

### 3.1.8. Извештај за извршени археолошки истражувања

Во извештајниот период, вкупно **65 извештаи за извршени археолошки истражувања по претходно издадени дозволи**, кои се однесуваат на археолошки истражувања реализирани во 2024 и 2025 година, се прегледани и проследени до Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство, и тоа:

| **Носител** | **Локалитет** | **Година на истражување** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| НУ Национален Конзерваторски Центар-Скопје | *сондажни археолошки истражувања на археолошкиот локалитет „Грнеица“, с. Ваташа, Општина Кавадарци*<br>----------------<br>*систематски археолошки истражувања на лок. „Градиште“, с. Горна Бањица, Општина Гостивар, за изградба на Коридор 8 ( делница на Автопат: Гостивар-Букојчани)* | 2024<br><br>2025 | **2** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| НУ Конзерваторски Центар-Скопје | *заштитни археолошки истражувања на КП 3450/2 КО Кучково, општина Ѓорче Петров-Скопје, во границите на археолошкото наоѓалиште „Уши“*<br>---------------<br>*заштитни археолошки истражу-вања на КП 1414/1, КО Злокуќани, во Контактна зона на Споменичката целина-Антички град „Скупи“*<br>-------------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на КП 971, КП 970/1 и КП 992/5 КО Злокуќани, во Контактна зона на Споменичката целина-Антички град „Скупи“*<br>*систематски археолошки истражувања на локалитетот „Скупи“, Злокуќани, /*<br>--------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на КП 139/1, и КП 141/4 КО Чаир, Општина Бутел, во Контактна зона на Спомеников Аквадукт - Скопје* | 2024<br>2025<br>2025<br>2025<br>2025 | **5** |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп | *заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Трескавец“, с. Дабница*<br>-------------<br>*сондажни археолошки истражувања за реализирање на проект „Конзервација и реконструкција на откриените содржини од античката населба Колобаиса,Тресковец, Прилеп,*<br>----------------<br>*заштитни археолошки истражувања на КП 1279 на локалитетот „Сурун“, с. Дупјачани, КО Дупјачани, Општина Долнени*<br>------------<br>*заштитни археолошки* | 2024<br>2024<br>2025 | **9** |

Влада на Република Северна Македонија

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *истражувања на КП 3049 и КП 2968 КО Долнени (Вонград) Општина Долнени на локалитетот „Слатина“, с. Долнени, Општина Долнени*<br>----------------<br>*заштитни археолошки истражувања на на КП 1179 КО Дупјачани Општина Долнени на локалитетот „Лозја“, с. Дупјачани, Општина Долнени*<br>------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на гробници во карпа од т. н. „македонски тип“ на археолошкиот локалитет „Крклари“, Прилеп -завршна фаза*<br>-----------------<br>*заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Долиште“, с. Прилепец, Општина Прилеп*<br>------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Роклејца“, Прилеп*<br>-----------------<br>*систематски археолошки истражувања на локалитетот „Бедем Стибера“, с. Чепигово-Прилеп* | 2025<br>2025<br>2025<br>2025<br>2025<br>2025 | |
| НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола | *археолошко рекогносцирање на дел од патен Коридор 10, делница на автопатот Прилеп-Битола, на територијата на Општина Могила и Општина Битола*<br>--------------<br>*подводни археолошки рекогносцирања во водите на Преспанското езеро со делумни активности на којно поради повлекувањето на водата* | 2025<br>2024 | **3** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -----------<br>*сондажни археолошки истражувања на средновековниот локалитетот „Кале“ – Битола, за 2025 година /* | 2025 | |
| НУ Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј - Охрид; | *сондажни археолошки истражувања на КП 15953, КО Охрид 3, Охрид*<br>------------<br>*археолошки истражувања на КП 4110/1, КП 4111/2, место викано „Патерица“, населба Ласкајца КО Охрид 4, Охрид*<br>----------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на КП 4036/5, КО Охрид 4, Охрид*<br>-----------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на КП 4107/2, КО Охрид 4, Охрид*<br>---------------------<br>*систематски археолошки истражувања на КП 832/2, КО Љубаништа, Општина Охрид,*<br>---------------<br>*локалитет „Рајца-Ранохристијанска Базилика“, с. Љубаништа- Охрид*<br>---------------------<br>*систематски археолошки истражувања на локалитетот „Самоилова Тврдина“-Цитадела во Охрид*<br>---------------------------<br>*заштитни археолошки истражувања на локацијата КП 15701/2, КО Охрид 3/* | 2024<br><br>2025<br><br>2025<br><br>2025<br><br>2025<br><br>2025<br><br>2025<br><br>2025 | **8** |
| НУ Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј-Струмица | *заштитни археолошки истражувања на локалитетот „Св.Четириесет Севастиски маченици“, с. Банско*<br>------------------------ | 2025 | **6** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЗФГ КОПАЧКА<br>с. Драмче, Делчево | „Копачката, традиционално оро од с. Драмче, Пијанечки регион“ | нематеријалното културно наследство од особено значење,<br>поткатегорија исклучително значење |
| КУД Русалии,<br>с. Секирник | Машки поворки (Русалии)“ | културно наследство од особено значење,<br>поткатегорија исклучително значење |
| Здружение на граѓани Џоломари,<br>с. Бегниште,Кавадарци | „Џоломарите од<br>с.Бегниште,Кавадаречко“ | културно наследство од особено значење,<br>поткатегорија големо значење |

Дополнително, во извештајниот период:

3.2.7. До Министерство за култура и туризам доставена е номинација за членство во работна група за изготвување на номинациско досие за елементот *„Обредноста поврзана со празникот Свети Трифун во Република Македонија”* и негово можно впишување на репрезентативна листа на УНЕСКО;

3.2.8. До Републичкиот центар за деца и млади Артико на Моддавија доставен е материјал за меѓународен проект поврзан со мултинационалната номинација впишан во УНЕСКО „Прославување на 1ви Март" во кој Македонија учествува со заштитеното добро „Мартинки";

3.2.9. Превод на англиски на акти од доменот на нематеријалното културно наследство:

- На потребната документација, што се достави во прилог до УНЕСКО во насока на успешно изготвување на номинациското досие - *„Етно астрономија/стара небесна карта на македонскиот народ” за можно впишување во декември 2026 година на Листата за Ургентна заштита на УНЕСКО* за нематеријално културно наследство;

- Испис од Националниот регистар на РСМ и на преводот на ICH-01- Form, (образецот за номинациското досие), како и превод на Изјави за видеото и на Барањето поддршка и согласност од: Министрството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Природно - математички факултет – Скопје, Институт за физика. преводот на Компаративната листа на небесни тела со називи на небесни тела според етноастрономската карта на македонскиот народ и според меѓународната номенклатура;
- На текстот на видеото доставено до УНЕСКО и Одлуката на Советот на Институтот за фолклор Марко Цепенков-Скопје да даде поддршка за впишување на елементот „Етно астрономија/стара небесна карта на македонскиот народ" на Листата за Ургентна заштита на УНЕСКО;
- Допис-поддршка од Младинскиот културен центар, како единствена културно едукативна институција во РСМ која располага со Планетариум и превод на поддршката од Министерството за образование и наука.

## IV. УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА КОМИСИИ И ДРУГИ ТЕЛА ФОРМИРАНИ ОД УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ДРУГИ ОРГАНИ

Во извештајниот период, беа реализирани следниве активности:

**4.1.** Во извештајниот период, претставници од Секторот учествуваа во работата на комисии за ревизија на вкупно **12** елаборати, од кои **6** елаборати за валоризација и **6** елаборати за ревалоризација на недвижно и движно културно наследство;

**4.2.** Учество на помлад соработник за фолклорни добра, како преставник на Управата во *„Fostering Living herirtage Safeguarding in the Western Balkans"* од 2-4 септември во Софија, Република Бугарија;

**4.3.** Учество на помлад соработник за фолклорни добра во Комисија за вршење на стручна идентификација на етнолошки добра, по барање на Јавното Обвинителство-Битола;

**4.4.** Учество на соработник за јазик и топоними во Комисијата за спроведување на оценување на ефектот на административните службеници во Управата за заштита на културно наследство, во својство на заменик член;

**4.5.** Учество на виш соработник за фолклорни добра во работна група формирана од Министерството за култура и туризам, во кој период била изготвена и нова номинација на заштитеното добро „Етноастрономска карта на Македонскиот народ" за Ургентната листа на УНЕСКО;

**4.6.** Учествува во комисијата за попис на архивскиот материјал од трајна вредност за 2024 година на Управата за заштита на културното наследство на соработник за јазик и топоними;

**4.7.** Во извештајниот период стручни лица од Одделението за движно културно наследство, Одделението за интегрирана заштита и од Оделението за нематеријално културно наследство учествуваа и/или беа членови на

различни комисии и други тела за работи кои се во функција на унапредување на дејноста на Управата, односно на остварување меѓуресорска соработка, и тоа во:

- Комисијата за јавни набавки во својство на претседател/ член;
- Комисија за попис на материјални средства;
- комисија за попис на парични средства за 2024 година во Управата за заштита на културното наследство;
- Учество во комисија во својство на член за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап;
- Учество во комисија на заостанати предмети од колеги кои се веќе во пензија.

**V.ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

Во извештајниот период, покрај претходно наведените задачи и постапки, спроведени се и други активности од редовното работење:

- Кореспонденција (електронска и писмена) со релевантни организации и институции како и овластени субјекти од сферата на заштитата на нематеријалното културно наследство.
- Работа на преводи од македонски на англиски јазик и обратно од доменот на активностите на Управата за заштита на културното наследство:
    - Известување до Проф.д-р Мајкл Алтрип во врска со допис кој се однесува на фотографирање во црквите и манастирите во Република Македонија за реализација на истражувања;
    - Одобрение за фотографирање на заштитени добра - икони кои се дел од збирката на НУ Завод за заштита на споменициите на културата и музеј Охрид, а се наоѓаат во Галерија на икони Охрид - по доставено барање од Damien GIRARD, технички специјалист за византиска иконографија;
    - Воведното обраќање на меѓународната конференција насловена - *Вештачката интелигенција, сајбер безбедноста и идните вештини преку заштитата и дигитализацијата на културното наследство во Македонија.*
    - Воведното обраќање на меѓународната конференција за културното наследство на тема: *„Иновативност, одржливост и правна рамка за зачувување на културното наследство.*

### 4.3. Сектор за превенција и инспекциски надзор на културното наследство

Во **Секторот** се вршат работи што се однесуваат на инспекцискиот надзор над спроведувањето на прописите за заштитата на културното наследство и превенцијата од незаконски дејствија против културното наследство, односно работите на безбедност на културното наследство и неговата заштита односно одбрана и спасување во случај на вооружен судир и природни непогоди. Работите во Секторот се вршат преку: 2.1 *Одделението за превенција на културното наследство* и 2.2 *Одделението за инспекциски надзор за заштита на културното наследство.*

Годишниот извештај за 2025 година за работењето на инспекциската служба во Управата за заштита на културното наследство ќе го проследиме низ неколку поглавја и тоа:

- **Управувањето со ризици** – во ова поглавје ќе бидат опфатени резултатите од анализата на ризици;
- **Организација и раководење на инспекциската служба** - ова поглавје содржи описен и табеларен приказ на организационата поставеност на кадарот во инспекциската служба и промените во екипираноста на службата во 2025 година;
- **Инспекциски надзор** – поглавје што ќе содржи приказ за изворите на информации и податоци за идентификување на настанување на ризикот и информации за реализираните инспекциските надзори во 2025 година;
- **Обука на инспекторите и административните службеници** – ова поглавје ги содржи информациите за специјализирани и генерички обуки во 2025 година;
- **Буџет и финансирање** – поглавје кое содржи информации за буџетот и финансирањето на инспекциската служба во Управата за заштита на културното наследство.

- **Управување со ризици**

Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство постапува на целата територија на Република Македонија и врши инспекциски надзори од областа на безбедноста и заштитата на недвижното културно наследство - археологијата, архитектурата и од доменот на историјата на уметноста како и на движното културно наследство.

Како еден суштествен фактор за ризик по културното наследство е колизија на Законот за заштита на културното наследство со другите закони, пример со законот за градење и други закони.

Врз основа на анализирање и утврдувањето на ризикот, критериумите за утврдување на ризикот, се јавува потребата од координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби, најчесто со градежната инспекција.

Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство како појдовни критериуми за идентификување на субјекти на надзор се служи со веќе дефинираните субјекти кои се јавуваат како носители на дозволи, одобренија, согласности и други акти издадени од страна на Управата за заштита на културното наследство, установите носители на дејност, имателите и др.

Важно е да се напомене дека Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство покрај планираните субјекти на надзор врши и инспекциски надзори врз основа на пријави и претставки од правни и физички лица и вонредни надзори согласно пропишаното во законите.

- **Организација и раководење**

Со цел подобро управување при вршењето на сите видови инспекциски надзори, инспекторирањето од областа на заштитата и безбедноста на културното наследство (во што се подведува и прибирањето на информации од аспект на заштитата на културното наследство, како и контрола на водење на евиденции, инвентарни и други јавни книги за заштитените добра и чувањето, достапноста и користењето на документацијата, вклучувајќи ги регистрите и документите за потеклото на добрата), како и инспекторирањето од областа на спроведување на конкретни мерки на посегање во интегритетот на културното наследство (преку увиди во состојбата на заштитените добра и нивно чување, одржување и користење, особено преку вршењето на археолошките, конзерваторските и други истражувања, изведувањето на работите на непосредна заштита и спроведувањето мерки на заштита и во извршувањето на законите и други прописи, но и со цел подобро разбирање на улогите на вработените, полесно вршење на координација, контрола и комуникација во работењето), Управата за заштита на културното наследство во својата Систематизација на работни места, во рамките на Секторот за превенција и инспекциски надзор на културното наследство има предвидено Одделение за инспекциски надзор на културното наследство и Одделение за превенција на културното наследство.

Во Одделението за инспекциски надзор на културното наследство е вработено **едно (1) лице** – советник инспектор за археолошки локалитети и наоѓалишта. Во Одделението за превенција на културното наследство се вработени **две (2) лица**: советник-инспектор за безбедност и советник за одбрана и спасување на културното наследство во случај на вооружен судир и природни непогоди. Со Секторот раководи **еден (1) извршител** – Генерален инспектор, раководител на сектор.

Во текот на 2025 година нема пензионирања и нови вработувања. Се забележува одлив на кадарот на инспектори, односно еден помошник инспектор е преземен од друга институција по претходно добиени согласности.

- **Инспекциски надзор**

**Инспекцискиот надзор** го вршат инспектори за културно наследство - стручни лица од соодветна област, подвидови / домен – инспектори за археолошки локалитети и наоѓалишта, инспектори за архитектонско културно наследство, инспектори за културно наследство во доменот на историјата на уметноста, инспектори за заштита на културно наследство и инспектори за безбедност на културното наследство..

Инспекциската служба постапува и по службена должност и по пријави од граѓани и надлежни институции, односно барања за заеднички увиди со овластените лица за безбедност, како и барања за координирани заеднички

инспекциски надзори од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Инспекциската служба при Управата за заштита на културното наследство во 2025 година има извршени вкупно **344 инспекциски надзори** од кои: 7 редовни, 319 вонредни и 18 контролни инспекциски надзори. Констатирани се 52 неправилности во работењето на субјектите на надзор, издадени се 27 платни налози, поведена се осумнаесет 18 прекршочни постапки и шест 6 кривични постапки.

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 1 | 52 | 1 | 54 | 12 |
| 1 | Велес | 0 | 3 | 1 | 4 | 1 |
| 2 | Градско | 0 | 22 | 0 | 22 | 1 |
| 3 | Демир Капија | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 |
| 4 | Кавадарци | 0 | 10 | 0 | 10 | 3 |
| 5 | Лозово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Неготино | 1 | 5 | 0 | 6 | 4 |
| 7 | Росоман | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | Свети Николе | 0 | 10 | 0 | 10 | 2 |
| 9 | Чашка | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Источен регион | 2 | 26 | 2 | 30 | 7 |
| 10 | Берово | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 |
| 11 | Виница | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| 12 | Делчево | 1 | 3 | 0 | 4 | 4 |
| 13 | Зрновци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 15 | Кочани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | Пробиштип | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 19 | Чешиново | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 | Штип | 0 | 19 | 1 | 20 | 3 |
| | Југозападен регион | 0 | 48 | 2 | 50 | 8 |
| 21 | Вевчани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Дебар | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 23 | Дебарца | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | 0 | 2 | 1 | 3 | 1 |
| 25 | Македонски Брод | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 26 | Охрид | 0 | 33 | 1 | 34 | 6 |
| 27 | Пласница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | Струга | 0 | 11 | 0 | 11 | 1 |
| 29 | Центар Жупа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Југоисточен регион | 0 | 45 | 2 | 47 | 5 |
| 30 | Богданци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 31 | Босилово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 32 | Валандово | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 |
| 33 | Василево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 34 | Гевгелија | 0 | 10 | 0 | 10 | 0 |
| 35 | Дојран | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| 36 | Конче | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 38 | Радовиш | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 39 | Струмица | 0 | 28 | 2 | 30 | 4 |
| | Пелагониски регион | 1 | 58 | 4 | 63 | 9 |
| 40 | Битола | 0 | 26 | 3 | 29 | 6 |
| 41 | Демир Хисар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 42 | Долнени | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 44 | Крушево | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 45 | Могила | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 |
| 46 | Новаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 47 | Прилеп | 0 | 15 | 0 | 15 | 0 |
| 48 | Ресен | 0 | 10 | 0 | 10 | 0 |
| | Полошки регион | 0 | 10 | 1 | 11 | 1 |
| 49 | Боговиње | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 50 | Бревеница | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 51 | Врапчиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | 0 | 8 | 1 | 9 | 1 |

Влада на Република Северна Македонија

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 53 | Желино | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 56 | Теарце | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 57 | Тетово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | Североисточен регион | 0 | 22 | 0 | 22 | 3 |
| 58 | Кратово | 0 | 6 | 0 | 6 | 0 |
| 59 | Крива Паланка | 0 | 6 | 0 | 6 | 0 |
| 60 | Куманово | 0 | 5 | 0 | 5 | 2 |
| 61 | Липково | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 62 | Ранковце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 0 | 5 | 0 | 5 | 1 |
| | Скопски регион | 3 | 58 | 6 | 67 | 8 |
| 64 | Аеродром | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 65 | Арачиново | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 67 | Гази Баба | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 |
| 69 | Зелениково | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 70 | Илинден | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 71 | Карпош | 0 | 13 | 0 | 13 | 1 |
| 72 | Кисела Вода | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 73 | Петровец | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| 74 | Сарај | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 75 | Сопиште | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 77 | Центар | 3 | 38 | 6 | 47 | 7 |
| 78 | Чаир | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 79 | Чучер-Сандево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | | 7 | 319 | 18 | 244 | 52 |

**Спроведени инспекциски надзори во 2025**

- **Обука на инспекторите и административните службеници**

Во 2025 година инспекторите зедоа учество на специјализирана обука „Зајакнување на институционалните капацитети во справувањето со кривични дела против културното наследство и животната средина“ – ИПА 2021.

- **Буџет и финансирање**

Инспекциската служба се финансира од буџетот на Управата за заштита на културното наследство. Од буџетот на Управата се издвојуваат финансиски средства за плати на инспекторите и за исплата на дневници од службените патувања. Тарифник за трошоци на инспекциските постапки сеуште не е донесен.

- **Меѓународна соработка и други активности**

Во извештајниот период, инспекциската служба нема реализирано активности во областа на меѓународната соработка, ниту други дополнителни активности, имајќи ја предвид постојната кадровска екипираност и ограничените финансиски средства.

- **Заклучоци и препораки**

Во извештајниот период, инспекциската служба функционираше со ограничени кадровски капацитети, без обезбедена правна поддршка и без целосна стручна застапеност од поединечните области на заштита на културното наследство. И покрај наведените ограничувања, инспекциската служба ги реализираше своите надлежности во согласност со законските обврски, постигнувајќи видливи резултати во спроведувањето на инспекцискиот надзор, како и во извршувањето на дополнителни задачи во рамки на надлежностите на Управата.

Во насока на унапредување на ефикасноста на инспекцискиот надзор, се укажува на потребата од зајакнување на кадровските капацитети на инспекциската служба преку вработување дополнителен број инспектори. Постојната кадровска структура не овозможува целосно и навремено спроведување на сите надлежности во областа на заштитата на културното наследство. Воедно, како предизвик при обезбедување соодветен стручен кадар се јавува нивото на месечни примања за работните места инспектор за културно наследство, кое е пониско во однос на платите на стручните лица вработени во јавните установи за заштита. Имајќи предвид дека за овие работни места се потребни високо стручни профили (археолози, архитекти, историчари на уметност и други сродни струки), постои ограничен интерес за пополнување на упразнетите работни позиции. Со цел обезбедување квалитетен и одржлив инспекциски надзор, се укажува на потребата од соодветно унапредување на статусот и условите за работа на инспекторите за културно наследство.

## 4.4. Сектор за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство

### 3.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Одделението за меѓународна соработка** има клучна улога во координацијата и спроведувањето на меѓународните активности поврзани со заштитата, зачувувањето и унапредувањето на културното наследство. Неговата работа вклучува следење и координирање на реализацијата на меѓународните проекти, изготвување национални извештаи за нивната имплементација, како и подготовка на стручни анализи и материјали од оваа област.

Во Одделението работат 3 вработени (**2 советници и еден соработник**). Истото, активно подготвува иницијативи и предлози за меѓународни апликации, учествува во развојот на проекти, дава стручни мислења и насоки за нивна успешна реализација. Покрај тоа, организира и спроведува кампањи и програми за подигање на свеста за значењето на меѓународните договори и нивното влијание врз националниот систем за заштита на културното наследство.

Во неговиот домен се и кореспонденцијата и соработката со меѓународни организации, невладини институции и партнери од други држави, како и учеството во изработката на посебни студии и елаборати за потребите на меѓународните проекти. Притоа, одделението следи и проучува релевантни закони, прописи и меѓународни договори со кои Р.С. Македонија се усогласува, обезбедувајќи нивна правилна примена во националните политики.

Посветено на поддршка на билатералната и мултилатералната соработка, одделението извршува анализи, обработка на податоци и подготовка на стратешки документи кои придонесуваат за развој на меѓународните партнерства и ефективна заштита на културното наследство на државата. Неговата работа е клучен фактор во обезбедувањето на усогласеност со глобалните стандарди и подобрување на меѓународната позиција на РС Македонија во оваа значајна област. Дополнително, Одделението континуирано ги следи и проучува релевантните правни акти, вклучувајќи ги националните регулативи и меѓународните договори на кои Македонија им пристапила или ги ратификувала, осигурувајќи нивна правилна имплементација.

Преку својата активна улога во меѓународната сцена, Одделението не само што придонесува за заштита и валоризација на националното културно наследство, туку и ја зајакнува улогата на Македонија како посветен партнер во глобалните напори за зачувување на културното богатство на човештвото.

Во рамките на својата надлежност, Одделението за меѓународна соработка во 2025 година ги реализираше следниве активности:

### I. СРЕДБИ И СОСТАНОЦИ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Во извештајниот период, со цел продлабочување и унапредување на меѓународната соработка, реализирани се следниве средби и состаноци:

- Присуство на презентацијата на 4 културни рути на Форумот на културни рути на Советот на Европа;
- Подготовка на информација за Европски денови на културното наследство на тема: „Медитерански предизвици – археолошки перспективи";
- Превод на трудот на тема: „Иновативност, одржливост и правна рамка за зачувување на културното наследство" како подготовка за меѓународна конференција;
- Одговорени дописи (6) кон амбасадите на Р. Туркије, Р. Албанија, Р. Бугарија, Романија, Србија и Индија;
- Доставено мислење до Министерството за култура и туризам во врска со барање за обезбедување информации во однос на апликациите на Здружението на граѓани за научно истражување и промоција на културата „Хаемус" за „Денот на баба Марта";
- Работна средба со претставници на турската владина агенција за соработка и координација ТИКА;
- Серија работни состаноци посветени на Хашката конвенција за заштита на културното наследство во случај на вооружен судир во седиштето на УНЕСКО во Париз, во периодот од 1 до 5 декември 2025 година;
- Состанок (онлајн) со бордот на директори на DARIAH-EU конзорциумот на 28.11.2025 година;
- Работен состанок со Европскиот центар за византиски и поствизантиски споменици од Р. Грција. (14.11.2025);
- Работна средба со претставници од Чешката амбасада; и сл.

## II. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во извештајниот период, беа реализирани активности насочени кон јакнење и унапредување на меѓународната соработка, и тоа:

1. Учество на Форумот на цивилно-воениот сојуз на УНЕСКО за заштита на културни добра (16.05.2025), во Париз, Р. Франција;
2. Учество на 47. сесија на Комитетот за светско културно наследство на УНЕСКО во перидот од 6 до 16 јули 2025 година во Париз, Франција;
3. Координативни состаноци со претставници од Р. Албанија во рамките на 47. сесија на Комитетот за светско културно наследство на УНЕСКО;
4. Официјална посета и организирање научна трибина на тема „Македонски и хрватски нематеријални доба на листите на УНЕСКО" во Културно

информативниот центар на Р.Македонија во Загреб, во периодот од 17-20 јули 2025 година;

5. Учество на Колоквиум на тема *„Интерактивни изложби и дигитална курација на нематеријалното културно наследство во музеите"/ „Interactive Exhibitions and Digital Curation of ICH in Museums"* во рамките на Форумот на словенски култури на 06.11. 2025 година, во Љубљана, Р. Словенија;

6. Учество на Генералното собрание на државите – членки на Конвенцијата за светско културно наследство на 11 ноември 2025 година, во Самарканд, Узбекистан;

7. Учество на 25. Сесија на Генералното Собрание на државите – членки на Конвенцијата за светско наследство, 24-25 ноември 2025 година во Париз, Франција;

8. Учество на Генералното Собрание на Регионалниот центар за заштита на нематеријалното културно наследство во Југоисточна Европа, од 16 до 18 декември, Пловдив, Р.Бугарија;

9. Учество на состанок за заедничка координација со Р. Албанија во врска со заштитата на „Природното и културното наследство на Охридскиот регион" (онлајн сесија);

10. Изготвена информација за доставување ажурирани податоци од Управата за заштита на културното наследство за степенот на реализација и напредокот во спроведувањето на одлуките и препораките на УНЕСКО во однос на *Природното и културно наследство на Охридскиот регион – Светско наследство наУНЕСКО*;

11. Организација и подготовка на документација и материјали за учество на Р. Македонија на меѓународната дигитална изложба *„Елементите на нематеријалното културно наследство на Централноевропскиот Регион"* со проектот „Македонска глаголица" на уметникот д-р Лазе Трипков, организирана од Министерството за култура на Република Србија, а со посредство и координација со Амбасадата на Република Србија и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република С. Македонија и Министерството за култура и туризам на Република С. Македонија.

## III. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО РАБОТНИ ТЕЛА

Во извештајниот период, вработени од Одделението за меѓународна соработка учествуваа во работата на следниве работни тела, комисии и координативни групи:

- Учество на двајца претставници од УЗКН на Заедничкиот комитет за мониторинг (ЗМК) на Програмата за прекугранична соработка ИПА III меѓу РС Македонија и Република Албанија 2021 – 2027 година земав учество на 3-от состанок на ЗМК, кој беше оддржан онлајн на платформата Webex на 26.05.2025г;

- Членување во меѓуресорска група за спроведување на препораките од *Последниот Извештај на УНЕСКО* (согласно заклучоците 93 и 97 од седница на Влада);

- Членување во работна група за разгледување на *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион* со посебен фокус на прашањата за урбанизацијата и бесправно изградени објекти како закана за природното и културното наследство (согласно заклучоците 93 и 97 од седница на Влада);

- Учество во **22 комисии** за валоризација и ревалоризација на недвижни и движни добра, со вршење стручна контрола на елаборатите за валоризација и ревалоризација на недвижно културно наследство;

- Учества во Комисија за ревизија на мислењата издадени од надлежни заводи за заштита на културното наследство поврзани со утврдување правен статус не бесправно изградени објекти **(6 стручни мислења);**

- Учество на три работни состаноци на Националната Комисија на УНЕСКО во Р. Македонија (во Скопје и Охрид);

- Учество во работата на Националниот совет за културно наследство при Министерството за култура и туризам на РМ;

- Учество во Работна група за Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство;

- Учество во работна група за подготовка на предлог измени на Законот за заштита на културното наследство.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ

Во извештајниот период реализирани се следниве активности во областа на организација на меѓународни настани:

3. **Медитеранска берза за археолошки туризам во Пестум, Италија (30.10.2025 - 02.11.2025)**

    - Координација на петтото учество на Македонија на 27. издание на „Медитеранската берза за археолошки туризам“ во Пестум (Салерно), Италија;

    - Кореспонденција, барања за спонзорства, патна логистика и апликација за учество;

    - Организација на состаноци со високи претставници од италијанскиот дипломатски кор, амбасадори и експерти од областа на археологијата;

    - Изготвување Договор за соработка со „Вински музеј“ како втор изложувач;

- Подготовка на извештај за учеството на саемот.

4. **Твининг проект со Р. Италија "Зајакнување на институционалните капацитети за справување со кривични дела против културното наследство и животната средина"**

   - Учество на онлајн сесија и подготовка на записник на четвртиот Управен комитет;
   - Учество на онлајн сесија и подготовка на записник на петтиот Управен комитет;
   - Преписка и подготовка на Меморандум за разбирање и воспоставување Национална платформа за меѓуинституционална соработка.

1. **СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ**

Во извештајниот период, вработените од Секторот за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство, учествуваа во следниве активности за стручно усовршување и професионален развој:

1. Студиски престој во Јапонија во периодот од 24 септември до 30 октомври на еден претставник на Управата за заштита на културното наследство во програмата „Одржлив туризам преку културно наследство и локални заедници", во соработка со JICA – јапонската државна агенција за меѓународна соработка;

2. Учество на „Работилница за фотограметрија и 3Д документирање на културното наследство" одржана на 11.09.2025 (онлајн сесија) и 18 – 19 .09. 2025 година (терenski сесии) во организација на Македонскиот национален комитет на ИКОМОС.

## 3.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Во **Одделението за документација на културното наследство (вработени се 4 од кои 1 раководител на одделение, 1 советник, 1 помлад соработник и 1 самостоен референт)** се вршат работи на стручна обработка, чување и користење на документацијата за културното наследство и неговата заштита и водење посебна евиденција за нејзино користење; ограничување на достапноста на документацијата; воспоставување соработка за, организирање и развој на Националниот информативен систем за културното наследство, воспоставување бази на податоци за документацијата која се чува во одделението, и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи.

Во текот на 2025 година, во Одделението за документација, континуирано е вршено прием и обработка на документација во базите за недвижно, движно и нематеријално културно добро. Извршени се следниве работи:

- прием на документацијата за недвижно, движно и нематеријално културно наследство;
- формирање на досиеа за културно наследство за недвижно, движно и нематеријално културно наследство;
- сместување на документацијата за недвижно, движно и нематеријално наследство во папки;
- координација со архивата и проверка и надополнување со документација која не е предадена во Одделението;
- координација со другите одделенија за проверка и надополнување на документацијата;
- обработка на документацијата и нејзино внесување во базата на **6410** предмети (основни броеви и плус дополнителни броеви и затоа вкупниот број не може да се утврди );
- внесени се **467** предмета во базата за издавање на уверенија за извоз и изнесување на незаштитени добра;
- внесени се **66** предмета во базата за легализација на бесправно изградени објекти (индувидуални станбени објекти), и легализација на објекти за производство, трговија, туризам и угостителство;
- обработени се **163** ЦД-а на ЦД ромовите во формираната база;
- распоредување на рециписите во документацијата;
- издавање и задолжување на документацијата на стручните лица;
- издавање и задолжување на документацијата на надворешни лица;
- корекции на катастарски парцели, адреси, броеви, имиња и друго;
- учество во комисии за контрола на елаборати за валоризација и ревалоризација на културното наследство **(19)**;
- учество во комисијата за функционална анализа и систематизација на работни места во УЗКН;
- интернет пребарување, симнување, печатење по потреба и дополнителна обработка на разни материјали;
- обработка на документи (скенирање, копирање, обработка на фотографиите, препраќање на истите во електронска форма);
- укоричување на секаков вид материјал за потребите на Управата;
- изготвување на разни преписки, потврди, писма и друго;
- контрола на заштитните копии на старата база за обработка документација за културното наследство;

- повремени интервенции на компјутерската опрема се со цел нејзино континуирано функционирање;
- преведувачка активност од македонски на албански јазик;
- повремени ситни интервенции на компјутерите по повик кај вработените во Управата;
- преселба на документацијата во доделените канцеларии заради немање на место во депото на одделението за документација;
- водење евиденција за ИСБН броеви за издавање публикации од Управата за заштита на културното наследство;
- проверка и обработка на документација која е оставена од поранешни вработени во УЗКН.

### 3.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ИТ ПОДДРШКА

Во **Одделението за регистрација на културното наследство и ИТ поддршка (еден вработен на позиција соработник)** се вршат работи што се однесуваат на: водење на Националниот регистар на културното наследство (главна книга и дополнителни регистри), впишување на актите за регистрација, промена и бришење од Регистарот и доставување изводи од Националниот регистар; стручна обработка, чување и користење на документацијата за културното наследство и неговата заштита и водење посебна евиденција за нејзино користење; ограничување на достапноста на документацијата; воспоставување, организирање, одржување и развој на Националниот информативен систем за културното наследство, воспоставување бази на податоци и централно информатичко поврзување; одржување на системот за автоматизирано работење, се планира избор и надградба на хардвер - сервери, дискови, мрежни уреди, уреди за информатичката технологија; следење и проучување на новите технологии и софтвери од областа на информатиката; одржување на ИТ опремата во Управата и давање ИТ поддршка на вработените во Управата.

Во извештајниот период 2025 година, извршени се следните работи:

- Изготвување на известувања, преписки, доставување на податоци и информации во врска со регистрираното културно наследство (**57 известувања**);
- Учество во **11 комисии** за ревизија на елаборати за валоризација и ревалоризација;
- Одржување на веб страницата на Управата, внесување и ажурирање на **21 новости и останата содржина на веб страната**, надградување и
- Изработка на back-up на дата базата и **фајловите (45.000) и 7000 фолдери**;

- Координирање на работната група за изработка на софтверско решение за водење на заштитна евиденција;

- Координација на работна група за Скопската тврдина Кале;

- Подготовка и коригирање на инфромации, и други предлог документи и материјали по сугестии на Секретаријатот за законодавство. Внесување на податоци во системот Е-Кат за внесување/бришење на прибелешки во имотни листови. **(7 информации; 257 документи; 10 мислења и 8 неодговорени предмети);**

- Учество на работилници организирани од страна на Агенцијата за катастар на недвижности;

- Комуникација со економски оператори во врска со услуги и стоки потребни за Управата за заштита на културното наследство;

- Спроведување на постапки за јавни набавки, извршени јавни отварања, евалуации, изработка на записници, извештаи и известувања по завршените постапки.

## 3.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Во **Одделението за дигитализација на културното наследство** се вршат работи што се однесуваат на: дигитализирање на културното наследство, проширување, збогатување и унапредување на процесот на дигитализација; обработка и користење на архитектонската, дескриптивната, фото и видео документација за културното наследство; воспоставување бази на податоци и централно информатичко поврзување; одржување на системот за автоматизирано работење, воспоставување, организирање и развој на соработка на полето на дигитализацијата на културното наследство во регионот; креирање на платформа, изградена на препораки, насоки, мета-податоци, стандарди за дигитализација, водење грижа за дигиталните бази на податоци за културното наследство и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежностите согласно законите и другите прописи.

Во извештајниот период за 2025 година извршени се следните работи:

1. **Дигитализирана и обработена документација за регистрирано недвижно културно наследство, земена на реверс од Националниот конзерваторски центар**

Во овој период одделението дигитализираше дескриптивна, техничка и фото документација за следниве регистрирани и евидентирани споменици на културата од Македонија:

А. Општина Гевгелија

- 4-806-003-079 ЕНД Археолошки локалитет Градиште, село Габрово;
- 4-806-003-083 ЕНД Археолошки локалитет Селиште, село Габрово;
- 4-806-004-009 ЕНД Евиденција Гевгелија;

- 4-806-004-015 ЕНД Куќа на ул. „Маршал Тито“ бр.97, Гевгелија;
- 4-806-004-019 ЕНД Археолошки локалитет „Милци“;
- 4-806-004-020 ЕНД Спомен костурница од НОБ, Гевгелија;
- 4-806-004-021 ЕНД Споменик на слободата, „Вардарски рид“ Гевгелија;
- 4-806-004-023 ЕНД Споменик на „Сава Михајлов“ - Гевгелија;
- 4-806-005-033 ЕНД Црква Св. Богородица, село Давидово, Гевгелија;
- 4-806-019-007 ЕНД Археолошка подлога-карта - Гевгелија;
- 4-806-026-028 ЕНД Црква Св. Богородица, село Смоквица, Гевгелија;
- 4-806-026-157 ЕНД Археолошки локалитет Селиште, с. Смоквица;
- 4-806-032-023 ЕНД Археолошки локалитет Атици, село Црничани;

Б. Општина Македонски Брод

14. 4-803-007-004 ЕНД, Извештај од извршен стручен увид на МНЕЦ КО Драганов Дол, Општина Македонски Брод

15. 4-803-007-004 ЕНД, СО Брод 2003 година

16. 4-803-007-7 ЕНД, Непозната црква-Барбарос, месност Барбарос, Општина Македонски Брод

17. 4-803-007-8 ЕНД, Црква Света Богородица, Општина Македонски Брод

18. 4-803-15-9 ЕНД, Локалитет Пешна – Девински Кули, с.Девич, Општина Македонски Брод

19. 4-803-023-07 ЕНД, Брана и ХЦ Козјак, Општина Македонски Брод

20. 4-803-025-128 ЕНД, Археолошки локалитет (Долна Црква) Свети Архангел Михаил во с.Ижишта, Општина Македонски Брод

21. 4-803-032-3 ЕНД, Црква Свето Рождество на Богородица, с.Латово, Општина Македонски Брод

22. 4-803-050-191 ЕНД, Археолошки локалитет с.Томино Село, Македонски Брод

23. 4-803-054-5 ЕНД, Црква Свети Никола, с.Црешнево, Општина Македонски Брод

24. 4-803-054-6 ЕНД, Црква Света Богородица или Свети Спас, с.Црешнево, Општина Македонски Брод

25. Извештај од извршен увид на споменици на културата во Македонски Брод 2003 година

26. 4-803-013-11 ЕНД, Црква Света Параскева, с.Грешница, Општина Македонски Брод

27. 4-803-015-14 ЕНД, Црква Света Богородица, с.Девич, Општина Македонски Брод

28. 4-803-023-21 ЕНД, Куќа на Стојан Петрески, с.Здуње, Општина Македонски Брод

29. 4-803-023-22 ЕНД, Куќа на Стојан Богдановски, с.Здуње, Општина Македонски Брод

30. 4-803-033-10 ЕНД, Црква Свети Атанасие, с.Локвица, Општина Македонски Брод

31. 4-803-036-24 ЕНД, Црква Свети Спас, с.Могилец, Општина Македонски Брод

32. 4-803-046-16 ЕНД, Црква Света Недела, с.Старо Село, Општина Македонски Брод

В. Општина Валандово

33. 4-804-010-001 ЕНД, Археолошки комплекс мозици Валандово

34. 4-804-010-002 ЕНД, Археолошки локалитет Манастир, с.Извор, Општина Валандово

35. 4-804-010-004 ЕНД, Археолошка карта, Општина Валандово

36. 4-804-010-002 ЕНД, Археолошки локалитет Манастир, с.Извор, Општина Валандово

37. 4-804-010-007 ЕНД, Грчки Гробишта, с.Раброво, Општина Валандово

38. 4-804-010-003 ЕНД, Црква Свети Ѓорѓи, Општина Валандово

39. 4-804-010-09 ЕНД, Споменик на паднатите борци, Валндово

40. 4-804-010-10 ЕНД, Археолошки локалитет Зелениште, Валандово

41. 4-804-010-15 ЕНД, Црква Свети Димитрија, Валандово

42. 4-804-010-020 ЕНД, Археолошки локалитет с.Пирава, Општина Валандово

43. 4-804-012-12 ЕНД, Црква Свети Димитрија, с.Градец, Валандово

44. 4-804-014-005 ЕНД, Железнодобски некрополи, с.Дедели, Општина Валандово

45. Античка печка во нама Охрид 4-819-038/11 ЕНД

46. Археолошки локалитет Цистерна 4-823-024/1 ЕНД

47. Археолошки ископувања Голем Град 4-823-024/1 ЕНД

48. Базилика Покрвеник 4-823-033/12 ЕНД

49. Базилика Октиси Мозаик 4-828-038/54 РНД

50. Цр. Цистерна 4-823-024/1 ЕНД

51. Цр. Цистерна археолошки локалитет Голем Град 4-823-024/1 ЕНД

52. Цр. Св. Богородица 4-828-038/4 РНД

53. Цр. Св. Архангел Михаил 4-828-043/31 ЕНД

54. Цр. Св. Атанасие 4-828-009/43 ЕНД

55. Цр. Св. Атанасие 4-829-010/44 ЕНД

56. Цр. Св. Богородица 4-828-018/3 ЕНД
57. Цр. Св. Богородица 4-828-034/62 ЕНД
58. Цр. Св. Никола 4-824-003/5 РНД
59. Цр. Св. Никола 4-823-033/65 ЕНД
60. Цр. Св. Никола 4-829-019/48 ЕНД
61. Цр. Св. Петка 4-828-012/58 РНД
62. Цр. Св. Ѓорѓи новооткриени икони 4-828-047/9 ЕНД
63. Цр. Св. Ѓорѓи нови икони превентивна конзрвација 4-828-047/9 ЕНД
64. Цр. Св. Ѓорѓи - Цр. Св. Спас 4-824-016/3 ЕНД
65. Цр. Св. Ѓорѓи 4-823-024/5 ЕНД
66. Цр. Св. Ѓорѓи 4-823-045/60 ЕНД
67. Цр. Св. Ѓорѓи 4-823-048/63 ЕНД
68. Цр. Св. Ѓорѓи 4-828-047/9 ЕНД
69. Цр. Св. Ѓорѓи депо на икони 4-828-047/9 ЕНД
70. Цр. Св. Василие 4-828-028/53 ЕНД
71. Цр. Св. 15 Тивериополски Маченици 4-829-065/17 РНД
72. Цр. Св. Троица 4-829-062/28 ЕНД
73. Цр. Св. Порок Илија 4-829-058/69 ЕНД
74. Цр. Св. Порок Илија 4-829-017/47 ЕНД
75. Цр. Св. Пантелејмон 4-819-038/56 ЕНД
76. Цр. Св. Пантелејмон 4-819-038/39 РНД
77. Цр. Св. Леонтие 4-829-004/1 ЕНД
78. Цр. Св. Константин и Елена 4-829-039/57 ЕНД
79. Цр. Св. Константин и Елена 4-829-040/58 ЕНД
80. Цр. Св. 40 Маченици 4-829-005/62 РНД
81. Црква во урнатини со непозната дедикација 4-824-016/2 ЕНД
82. Халвети теќе 4-828-047/60 РНД
83. Општинска зграда Св. Николе 4-824-038/4 РНД
84. Стара општинска зграда Св. Николе 4-824-038/4 РНД
85. Стара општинска зграда увид Св. Николе 4-824-038/4 РНД
86. Селска архитектура Вевчани – 4-828-007/011 ЕНД
87. Остров Голем Град 4-823-024/1 ЕНД
88. Преспанки чун 4-823-037/36 ЕНД
89. Куќа на фамилија Тодоровски 4-823-019/9 РНД
90. Куќа на Васил Василевски - овчарот 4-823-016/24 ЕНД

91. Куќа на Васил Василевски - златарот 4-823-016/24 ЕНД
92. Галерија на икони Струга 4-828-047/02.4 ЕНД
93. Галерија на икони Охрид 4-828-038/20 ЕНД
94. Икони од пештера Цр. Св. Спас 4-823-014/51 ЕНД
95. Икони од Струга 4-828-047/ 9 ЕНД
96. Градиште Славков дол 4-824-021/1 РНД
97. Исламски споменици Ресен 4-823-037/009 ЕНД
98. Исламски споменици Струга 4-828-047/011 ЕНД
99. Исламски објекти – Турски амам Струга 4-828-047/011 ЕНД
100. Исламски објекти Охрид 4-819-038/011 ЕНД
101. Комплекс на објекти с. Конско 4-823-021/10 РНД
102. Остров Голем Град 4-823-024/1 ЕНД
103. Прослава 800 години Курбиново 4-823-024/5 РНД
104. Сарај Ресен 4-823-037/3 РНД
105. Секторска студија Ресен 4-823-037/007 ЕНД
106. Манастир Св. Наум 4-819-030/20 РНД
107. Сливнички Манастир 4-823-038/4 РНД
108. Увид на движни предмети Струга 4-828-047/011 ЕНД
109. Увид на икони Струга 4-828-047/011 ЕНД
110. Увид с. Д. Перово с. Брајчино с. Д. Дупени 4-823-037/011 ЕНД
111. Заветни стели – икони 4-824-032/6 ЕНД
112. Ареолошки локалитети: 1 евидантирани национални добра (ЕНД)
113. Ареолошки ископувања: 1 евидантирани национални добра (ЕНД)
114. Антички печки: 1 евидентирани национални добра (ЕНД)
115. Базилики: 1 регистрирано национално добро (РНД) и 1 евидантирани национални добра (ЕНД)
116. Цркви: 15 регистрирани национални добра (РНД) и 27 евидентирани национални добра (ЕНД)
117. Манастири: 2 регистрирано национално добро (РНД)
118. Теќе: 1 регистрирано национално добро (РНД)
119. Исламски споменици: 4 евидентирани национални добра (ЕНД)
120. Општински згради: 3 регистрирани национални добра (РНД)
121. Куќи: 1 регистрирано национално добро (РНД) и 2 евидентирани национални добра (ЕНД)
122. Градиште Славков дол: 1 регистрирано национално добро (РНД)

123. Остров Голем Град: 1 евидентирано национално добро (ЕНД)

124. Увид на движни предмети: 1 евидентирано национално добро (ЕНД)

125. Увид на објекти: 1 евидентирани национални добра (ЕНД)

126. Сарај: 1 регистрирано национално добро (РНД)

127. Чунови: 1 евидентирано национални добра (ЕНД)

За потребите на Одделението за интегрирана заштита, во извештајниот период, беа селектирани, обработени и дигитализирани Заштитно конзерваторски основи **(34)** од повеќе објекти од различни општини на подрачјето на Р. Македонија во форма на дескриптивна документација А4 формат, како и техничка документација А0 формат.

I. **Заштитно конзерваторски основи**

1. ЗКО за ДУП 2019 за УЗ 6, дел од Блок 6.1., опфат 2, Општина Охрид
2. ЗКО за културно наследство за УП за село Балинци, Општина Валандово 2019 година
3. ЗКО за УП за село Дабниште, Општина Кавадарци
4. ЗКО за УП за село Ѓавато, Општина Богданци
5. ЗКО за ДУП Блок 7-1, Општина Крива Паланка
6. ЗКО за УП за село Витолиште, Општина Прилеп
7. ЗКО за ДУП Градска четврт 2,3,4,5,7,8 и 10, Општина Крушево
8. ЗКО за ДУП за Градска четврт Ц 01, Општина Центар
9. ЗКО за ДУП за село Саса, Општина Македонска Каменица
10. ЗКО за УП за Блок 1 и 2, село Рајчица, Општина Дебар
11. ЗКО за УП за село Новаци, Општина Новаци
12. ЗКО за УП Ресава, Општина Кавадарци
13. ЗКО за УПС Беловодица, Општина Прилеп
14. ЗКО за УПС Битуше, Општина Маврово и Ростуше
15. ЗКО за УПС Будимирци, Општина Новаци
16. ЗКО за УПС Водоча, Општина Струмица
17. ЗКО за УПС Градешница, Општина Новаци
18. ЗКО за УПС Добромири, Општина Новаци
19. ЗКО за УПС Загорани, Општина Прилеп
20. ЗКО за УПС Плетвар, Општина Прилеп
21. ЗКО за ЦГП, УБ 12, Општина Гевгелија
22. Анекс на ГУП на град Струмца

23. ЗКО за ГУП за град Скопје 2022-2032 година - 1
24. ЗКО за ГУП за град Скопје 2022-2032 година - 2
25. ЗКО за ГУП за град Скопје 2022-2032 година - 3
26. ЗКО за ГУП за град Струмица
27. ЗКО за ГУП за Општина Струмица
28. ЗКО за ГУП на град Битола 2023-2033 година
29. ЗКО за ДУП за Блок 7А Општина Крива Паланка
30. ЗКО за ДУП за градска четврт 3 06, Општина Карпош
31. ЗКО за УПС Чепигово, Опшина Прилеп
32. ЗКО за ДУП за Урбана заедница 2, УБ 24, опфат 1, Општина Охрид
33. ЗКО за недвижно културно наследство на ДУП за Блок Ј-01 Крива Паланка 2024 година
34. Урбанистички план за село Градешница, Општина Новаци

Во текот на 2025 година изработени беа дигитализирани документациски едници и тоа: **10457** со А4 формат, **3270** во А3 формат, **2076** црно-бели фотографии и **20245** негативи со дескриптивна документација за објектите.

Вкупен број на дигитализирана документација: **18164.**

2. **Дополнителни работни активности извршени во Одделението за дигитализација на културното наследство**

Период ( *јануари – декември 2025 година*)

Учество во работна група за изработка на софтверско решение за водење на заштитна евиденција, презентација и дигитализација на културното наследство. Во овој период заедно со другите колеги од работната група се создаваше завршната верзија на софтверското решение. Јас активно учествував со давање на предлози во делот на апликацијата каде ќе се вметнуваат податоци кои произлегуваат од дигитализацијата на културното наследство.

Период ( *јануари – декември 2025 год.* )

Решавање на компјутерски проблеми на ниво на УЗКН. Целосно одржување на компјутерските системи во УЗКН односно решавање на хардверски и софтверски проблеми настанати во овој период на работењето на управата. Инсталирање на нови принтери и скенери во управата како и друга соодветна компјутерска опрема со вклучени соодветни драјвери во. Инсталирање и одржување на соодветни софтвери за нормално функционирање на компјутерските системи. Во овој период беа извршени **331** интервенции.

Период ( *јануари – декември 2025 година* )

Организирање и систематизирање на серверните дискови на дигитилизираната документација изработена во претходните работни години.

Организирањето на документацијата подразбираше типолошка поделба на материјалите во серверните хард дискови по однос на видот и класификацијата на културното наследство, односно работниот процес подразбираше создавање на мали бази на податоци за секое регистрирано недвижно културно наследство одделно.

- Членување во комисијата за ревизија на елаборати за валоризација и ревалоризација на недвижно културно наследство при Управата за заштита на културното наследство;

- Членување во комисијата за спроведување на оценување на ефектот на државните службеници во УЗКН;

- Администрирање и одржување на профилите на Управата за заштита на културното наследство на социјалните мрежи;

- Учество на тројца вработени од Одделението со презентации на 5. ДАРИАХ Годишна Конференција во Осиек, Р.Хрватска од 22-24. октомври и

- Подготовка и реализација на онлајн состанок меѓу Бордот на ДАРИАХ – ЕРИК и Директорката на Управата;

- Теренски активности во врска координирање на одржувањето и сервисирањето на опремата за ставање во функција на Музејот на праисторијата и Музејот на отоманскиот период на Скопската тврдина „Кале“;

- Фотодокументирање на неколку работни состаноци со странски делегации одржани во Управата за заштита на културното наследство.

## 4.5. Сектор за општи работи, финансии и правна заштита

Секторот за општи работи, финансии и правна заштита е формиран согласно Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Управата за заштита на културното наследство бр.1-2367/3 од 04.07.2024 година и согласно Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Управата за заштита на културното наследство бр.01-2367/2 од 04.07.2024 година.

Во **Секторот** се вршат работи што се однесуваат на поддршка на работата на Директорот, општите работи во доменот на работата на Управата, правните работи во доменот на работата на Секторот и на Директорот на Управата, презентација на културното наследство, правната заштита на културното наследство, архивски и стручно-административни работи, работи од областа на финансиските прашања и работи кои се однесуваат на обезбедување, управување, координација и реализација на средства од домашни и странски извори и фондови.

Во извештајниот период беа реализирани следните активности:

1. Ефикасно и квалитетно организирање, насочување и координирање на работите на Секторот и грижа за нивно навремено и законито извршување,

како и давање совет на директорот на Управата за прашања од неговиот делокруг на работа;

2. Распоредување на работните задачи и давање на совети на административни службеници вработени во Секторот вршејќи непосредна контрола и надзор над извршување на работите;

3. Предлагање системски прашања и иницирање решавање на проблеми од делокругот на Секторот и грижа за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во Секторот;

4. Вршење подготовка на предлози во врска со начелни прашања, давање мислења и анализи за прашања поврзани со политиката;

5. Организирање на изработката на годишни програми, анализи, елаборати и информации за одделни прашања од надлежност на Секторот;

6. Давање на совети, насоки и организација и следење на плановите, работните активности и задачи за поддршка на работата на Директорот;

7. Организирање и следење на работите кои што се однесуваат на активности од општ карактер кои вклучуваат (тековно одржување на објекти и возила, одржување на хигиена, обезбедување на објекти, организирање на транспорт на службени лица и сл) ;

8. Соработка со другите раководители на сектори во Управата, размена на информации, соработка со Министерството за култура и други органи;

9. Учество во работата на работните тела на Владата на Република Македонија, по овласување на Директорот;

10. Учество во работна група за Законот за заштита на културното наследство;

11. Учество во Комисијата за Управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион;

12. Реализирање на активности поврзани со Природното и културното наследство на Охридскиот регион во својство на Заменик национален фокал поинт за културното наследство за „Природното и културното наследство на Охридскиот регион” во УНЕСКО;

13. Учество во активности од аспект на Хашката конвенција за заштита на културните добра во случај на вооружен судир од 1954 година и на Вториот протокол кон Хашката конвенција од 1954 година за заштита на културните добра во случај на вооружен судир од 1999 година;

14. Учество во Проектот на НАТО и Министерството за одбрана во својство на стручно лице/експерт за стабилизација и реконструкција во конфликтни и постконфликтни подрачја;

15. Учество во работата на други работни групи и комисии.

Работите во Секторот се вршат преку: Одделение за правна заштита, Одделение за архивски и стручно-административни работи и Одделение за

финансиски прашања во кој своите работни задачи ги реализираат вкупно **девет вработени лица** и **двајца надворешни соработници**.

Во **Одделението за правна заштита** се вршат работи кои се однесуваат на правните работи во доменот на работата на Одделението и правните аспекти на заштитата на културното наследство и тоа: учествува во изготвувањето на одлуките и општите акти за работите од негова надлежност; вршење стручно-административни работи за стручните и советодавните тела за работите од негова надлежност и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежност согласно законите и другите прописи; подготовка на упатства, наредби и други акти за постапување што ги донесува директорот на Управата; изработка на студии, анализи, програми, информации и други студиско-аналитички материјали за културното наследство и другите заштитени добра; следење, проучување, истражување и анализирање на состојбите и покренување иницијативи, поведување постапки пред надлежните органи и предложување акти и мерки за остварување, развој и унапредување на правната заштита на културното наследство; изработување на акти за прогласување, промена и престанок на заштитата, вклучувајќи и други правни акти во врска со културното наследство; вршење на работи поврзани со правото на првенствено купување, хипотекарни односи, експропријација и други имотно-правни работи во врска со културното наследство и други работи што ќе бидат утврдени во делокругот на надлежности согласно законите и другите прописи. Во Одделението своите работни задачи ги извршуваат две вработени лица.

Во извештајниот период, Одделението за правна заштита ги реализираше следниве работни задачи и постапки:

## 1. НОРМАТИВНО – ПРАВНИ РАБОТИ

- На ниво на Секторот за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство и Секторот за општи работи финансии и правна заштита дадени се **2** мислења ( забелешки и коментари по Предлог законот за заштита на културното наследство;
- Учество во работна група за изработка на работна верзија на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство;
- Учество во работна група за изработка на Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство;
- Дадено е мислење по однос на Предлогот на закон за заштита на името Внатрешна македонска револуционерна организација ВМРО, поднесок од група пратеници;
- Мислење по  Предлог на Закон за рударство;
- Мислење по Предлог на Закон за геологија;
- Мислење по Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси;
- Мислење по Предлог одлука за пренесување на правото на сопственост на градежно земјиште во Скопје сопственост на РС Македонија на

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## 2. СТУДИСКО - АНАЛИТИЧКИ РАБОТИ

Активно учество во првична ревизија на елаборатите за (ре) валоризација на недвижно културно наследство.

- На ниво на работна група даден е одговор по мислење за Годишниот извештај за работата на Управата за заштита на културното наследство;
- Дадено е мислење по Предлог одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на НУ Археолошки музеј на Македонија;
- Како дел од работна група дадено е мислење по Функционална анализа за Управата за заштита на културното наследство;
- Како член на тим даден одговор на Мислење од Министерството за култура и туризам во врска со Годишниот извештај на УЗКН.

## 3. УПРАВНО – ПРАВНИ РАБОТИ

- **Одлуки за прогласување на културно наследство од особено значење**

На предлог на Управата за заштита на културното наследство, Владата на РСМ донесе **5 одлуки** за прогласување на културно наследство од особено значење и **2 предлог – одлуки**, и тоа:

- Одлука за прогласување на збирката на движно културно наследство Збирка на аудиозаписи на првата научно – музичка манифестација во РС Македонија – Струшка музичка есен, за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење;
- Одлука за прогласување на археолошкиот локалитет Тумба Маџари во Скопје за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење;
- Предлог-Одлука за прогласување на Споменичката целина Бања Банско, с.Банско, Струмица, поткатегорија исклучително значење;
- Предлог-Одлука за прогласување на Споменичката целина Вардарски рид – Гортинија, општина Гевгелија за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење;
- Одлука за прогласување на **споменикот Сули ан во Скопје** во споменичката целина Стара скопска чаршија за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење - и истата е доставена на мислење до Националниот совет за културно наследство во Министерството за култура и туризам;
- Одлука за прогласување на **археолошкиот локалитет Свети петнаесет тивериополски маченици, општина Струмица** за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење - и истата е доставена на

мислење до Националниот совет за културно наследство во Министерството за култура и туризам;

- Одлука за прогласување на **манастирот Свети Леонтиј, с. Водоча, општина Струмица** за културно наследство до особено значење, поткатегорија исклучително значење и истата е доставена на мислење до Националниот совет за културно наследство во Министерството за култура и туризам.

- **Решенија за прогласување на значајно културно наследство**

Врз основа на Елаборат за (ре) валоризација на недвижно културно наследство и Предлог за донесување на акт за прогласување на значајно културно наследство, согласно член 40 од Законот за заштита на културното наследство, во извештајниот период, Управата изготви **5 решенија** за прогласување на значајно културно наследство, и тоа:

1. Решение за прогласување на Маркова кула на ул.Паризанска бр.21 во Кавадарци, за значајно културно наследство;
2. Решение за прогласување на Споменичката целина Мал Ринг 1 во Скопје, за значајно културно наследство;
3. Решение за прогласување на црквата Св.Богородица во с.Дреново;
4. Решение за прогласување на **Спомен дом на Разловечкото востание, с Разловци, општина Делчево** за значајно културно наследство;
5. Решение за прогласување на **Споменичката целина Мал Ринг 2 во Скопје** за значајно културно наследство.

Решенијата за прогласување на значајно културно наследство беа донесени по претходно спроведена постапка на прибирање мислења од надлежните општини, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, сопствениците и корисниците.

- **Решенија за престанок на заштитата**

Во извештајниот период, врз основа на член 44 став 3 од Законот за заштита на културното наследство, донесено е **1 Решение** за престанок на заштита, и тоа:

- Решение за престанок на приврементаа заштита на Археолошкиот локалитет Градиште, с.Горна Бањица, Гостивар

- **Решенија за регистрација ex lege**

Врз основа на пријава за регистрација ex lege во согласност со член 46 став 1 точка 1 од Законот за заштита на културното наследство, во извештајниот период, изготвени беа **17 решенија за регистрација**, и тоа:

- Решение за регистрација ex lege на недвижното културно наследство Државен архив на Р.С.Македонија – Одделение Тетово;
- Решение за регистрација ex lege на Збирката уметнички предмети од Никола Мартиновски на НУ Историски музеј во Крушево;

- Решение за регистрација ex lege на Збирка современа фотографија на ЈУ Музеј на Град Скопје;
- Решение за регистрација ex lege на Збирка на специјализирани предмети на ЈУ Музеј на Град Скопје;
- Решение за регистрација ex lege Збирка на предмети од дрво;
- Решение за регистрација ex lege Збирка на дела од Родољуб Анастасов;
- Решение за исправка на техничка грешка во Решение за регистрација ex lege Збирка на дела од Родољуб Анастасов;
- Решение за регистрација ex lege на археолошки предмети од периодот на рана антика;
- Решение за регистрација ex lege Збирка на современа уметност;
- Решение за регистрација ex lege Збирка Скупи нумизматика;
- Решение за регистрација ex legeЗбирка на современа уметност;
- Решение за регистрација ex lege Збирка на археолошки предмети од периодот на железно време;
- Решение за регистрација ex lege Збирка на археолошки предмети стекнати со откуп;
- Решение за регистрација ex lege Збирка на археолошки предмети од археолошкиот локалитет Скупи – случајни наоди;
- Решение за регистрација ex lege Збирка стари книги и ракописи;
- Решение за регистрација ex lege Збирка разгледници од старо Скопје;
- Решение за регистрација ex lege Збирка на археолошки предмети од локалитетот Таор – Скопје.

• **Решенија за прогласување на културно наследство во опасност**

Во согласност со член 43 од Законот за заштита на културното наследство, во извештајниот период беа донесени **3 решенија за прогласување на културно наследство во опасност**, **1 за промена во решение за прогласување**, и тоа:

- Решение за прогласување на објектот Цистерна дел од археолошкиот локалитет Виничко кале за културно наследство во опасност;
- Решение за промена во решението за прогласување на Куќата на ул.Коча Миленку, бр.29 во Крушево за културно наследство во опасност;
- Решение за прогласување на објектот Стара струшка куќа на ул.Браќа Миладиновци бр.16 во Струга за културно наследство во опасност;
- Решение за прогласување на Споменикот Илинден во Крушево за културно наследство во опасност.

• **Решенија за регистрација во Националниот регистар на културно наследство**

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 46 став 3 од Законот за заштита на културното наследство, во извештајниот период, беа изготви **17 решенија за регистрација во Националниот регистар на културното наследство** и тоа:

1. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на историски предмети на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка во Националниот регистар на културното наследство;
2. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на археолошки предмети на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка во Националниот регистар на културното наследство;
3. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на графики на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;
4. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на фотографии од Живко Јаневски на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;
5. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на археолошки предмети од неолитски период на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;
6. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка предмети од НОВ на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;
7. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка Прибор за пишување и училишен прибор на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;
8. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на археолошки предмети од археолошкиот локалитет “Скупи” на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;
9. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на археолошки предмети од археолошкиот локалитет “Скупи - контактна зона (југоисточна и југозападна некропола) на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;
10. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на археолошки предмети од археолошкиот локалитет “Скупи” – северозападна некропола на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;
11. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на археолошки предмети од археолошкиот локалитет “Скупи” – градска територија на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;

12. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка оружје од НОВ на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;

13. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка цртежи со етнолошка содржина од Аленка Герловиќ на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;

14. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на технички предемти на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;

15. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на фреско копии од втора половина на XX век на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;

16. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на археолошки предмети од археолошкиот локалитет "Скупи" –Камени споменици на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство;

17. Решение за регистрација на движно културно наследство – Збирка на старо оружје и помошен војнички прибор на ЈУ Музеј на град Скопје во Националниот регистар на културното наследство.

- **Решенија за привремена заштита**

Врз основа на Елаборат за привремена заштита и Предлог за донесување на акт за привремена заштита, согласно член 39 од Законот за заштита на културното наследство, во извештајниот период, беше изготвено **1 решение за привремена заштита** и тоа:

1. Решение за привремена заштита на **археолошкиот локалитет, Калдариум, с. Баница, општина Струмица**.

- **Решенија за запирање на постапка**

Во извештајниот период, врз основа на член 54 став 2 од Законот за општата управна постапка, изготвени **се 2 решенија за запирање на постапка**, и тоа:

1. Решение за запирање на постапка за донесување на решение за регистрација на движното културно наследство **Збирка на етнолошки предмети – накит** на ЛУ Народен музеј – Велес;

2.Решение за запирање на постапка за прогласување на **археолошкиот локалитет Градиште, с. Милутинце, општина Ранковце** за значајно културно наследство.

- **Решенија за исправање на техничка грешка**

Во извештајниот период, врз основа на член 97 став 2 од Законот за општата управна постапка, изготвено е **1 решение за исправка на техничка грешка**, и тоа:

1. Решение за исправање на техничка грешка во **Решението за прогласување на Споменичката целина – Образовен комплекс на ул. Партизанска бр.4 во Струга за значајно културно наследство.**

- **Решенија за формирање на комисии**

Во извештајниот период, врз основа на член 145 од Законот за заштита на културното наследство, изготвени се **12 решенија за формирање комисија за ревизија на елаборати** и **3 решенија за изменување на решенијата за формирање комисија за ревизија на елаборати**.

- **Други решенија**

Во извештајниот период донесени се и други решенија, и тоа:

1. Изготвени се **32 решенија** за формирање на комисии и стручни тела;
2. Донесено е **3 решенија** за запирање на постапката за прогласување;
3. Донесено е **1 решение** за отфрлање на предлог за повторување на постапката за прогласување на Збирката уметнички предмети во Центарот за современа уметност Прилеп;
4. Изготвени се **4 решенија** за овластување на административни службеници.

- **Ургенции**

Во извештајниот период изготвени се **11 ургенции** до националните установи за заштита на културното наследство.

- **Известувања**

Во извештајниот период изготвени се **14 известувања** до различни државни органи, јавни установи, како и физички и правни лица.

- **Барања**

Во извештајниот период изготвени се **46 барања** до различни државни органи, јавни установи, како и физички и правни лица.

## 4. ИМОТНО – ПРАВНИ ОДНОСИ

- **Право на првенствено купување**

Врз основа на доставени понуди за реализирање на правото на првенствено купување од сопствениците, согласно член 140 од Законот за заштита на културното наследство, во извештајниот период донесени се **19 акти за нереализирање** на правото на првенствено купување.

- **Правен статус на бесправно изградени објекти**

Во извештајниот период, постапувајќи согласно член 18 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, процесуирани се **15 предмети за добивање согласност**.

- **Приватизација**

Во извештајниот период, по барање на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи, процесуирани се **8 предмети** за добивање согласност.

Во извештајниот период, врз основа на барања за приватизација, доставено е **1 известување за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост во Скопје** и **3 барања на мислење за приватизација на градежно земјиште во Скопје.**

- **Известувања**

Во извештајниот период, во комуникација со други органи на управата и приватни странки, изработени се **92 известувања** од областа на заштитата на културното наследство.

- **Ургенции**

Во извештајниот период, изготвени се **2 ургенции** до Министерството за правда – Биро за процена.

- **Воспоставување на заложно право – хипотека**

Во извештајниот период, врз основа на барање за засновање на заложно право - хипотека на недвижности на заинтересираните субјекти, доставени се **2 известувања за засновање на заложно право - хипотека.**

- **Право на правичен надоместок**

Во извештајниот период, врз основа на барање за исплаќање на правичен надоместок поради ограничување од режимот на заштита, водена е преписка по **1 барање.**

- **Легализација**

Во извештајниот период, врз основа на член 18 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, **водена е постапка за легализација на 12 објекти.**

- **Отуѓување на недвижни добра**

Во извештајниот период, врз основа на барање за отуѓување на градежно земјиште, изготвено е **1 известување** по Предлог одлуката за отуѓување на градежно земјиште.

- **Давање на право на трајно користење на недвижни добра**

Во извештајниот период, врз основа на барање за трајно користење на недвижни добра, изготвено е **1 мислење за давање право на трајно користење** на градежно земјиште.

- **Правен статус на недвижни добра**

Во извештајниот период, по барање на заинтересираните субјекти, изготвени се **5 известувања за правниот статус на недвижни добра.**

## 5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Во извештајниот период, Одделението реализираше и други активности од својата надлежност, поврзани со тековното работење и поддршка на институцијата:

1. Член во работата на Комисијата за одлучување по прекршок формирана со решение на Управата;
2. Овластена со решение за постапување по претставки и предлози (одговорено на **4** претставки);
3. Номининација со решение за член на работната група за изработка на функционалната анализа, Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места во Управата за заштита на културното наследство;
4. Член во техничката работна група со цел обезбедување на координиран пристап во изнаоѓање на потребните решенија во различните стручни области поврзани со консолидација на земјоделското земјиште;
5. Изготвена е информација за обезбедување на неопходни средства за спроведување на постапка за експропријација во рамките на Аквадуктот во Скопје;
6. Изготвена е информација за за определување на правото на користење на движните археолошки наоди од археолошкиот локалитет Скопска тврдина Кале;
7. Изготвена е иницијатива за донесување на Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство (2026-2030) за годишната програма за работа на Владата на РС Македонија за 2026 година;
8. Учество како член на комисија за ставање на печатите на Управата вон употреба, нивно уништување како и донесување на акти за ставање во употреба на нови печати;
9. Овластена со решение за Офицер за заштита на лични податоци;
10. Изготвено известување за еднострано раскинување на договор за јавна набавка на услуга за обезбедување на деловен простор;
11. Член на Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап;
12. Претседател на комисија за вработување по јавен оглас за определено време;
13. Член на Комисија за јавна набавка;

14. Член на Работното тело за изработка на работна верзија на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство;
15. Со решение на Управата за заштита на културното наследсво назначена за координатор за реализација на активности преземени за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Управата за заштита на културното наследство и Амбасадата на Соединетите Американски држави во РСМ;
16. Член на работната група за изработка на Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство (2025-2029);
17. Заменик член во Комисија за одлучување по прекршок;
18. Заменик офицер за заштита на личните податоци;
19. Овластено лице за постапување по претставки и предлози (одговорено на **4** претставки);
20. Член на Комисијата за подготовка на измени и дополнувања на Законот за заштита на културното наследство;
21. Заменик член на Комисијата при вработување по Јавен оглас;
22. Заменик член на Комисија за дисциплинска постапка за дисциплински престап;

## 1. АРХИВА

Во извештајниот период, во рамки на надлежностите на архивата, спроведени се следниве активности и работни задачи:

1. Прием, прегледување и распоредување на актите, нивно заведување во деловодник (електронски) и доставување на работа кај стручните лица, административно-техничко обработување на актите, испраќање на актите, разведување и класифицирање на актите;
2. Водење на книги за евиденција: деловодник - електронски (основна книга за евиденција) - **4073** основни броеви (вкупно **11649** подброеви), интерна доставна книга - **10216** заведени броеви, доставна книга за пошта - **3356** пратки и книга за место - **1092** пратки, попис на акти за влезни фактури (кој се води електронски) - **471** фактури и попис на акти за патни налози - вкупно **366** патни налози;
3. Водење на посебен деловодник за управни предмети УП 1 - исто така се води електронски и има **1214** основни предмети;
4. Водење на посебен деловодник за претставки и предлози УПП (електронски), кој има **13** основни предмети;
5. Во 2025 година целосно е завршен пописот и опис на архивскиот материјал за 2024 година, при што беа реализирани следниве активности:

- одвојување на архивскиот од документарниот материјал;
- средување на архивскиот и документарниот материјал по организациони единици и по хронолошки редослед;
- евидентирање (опис и попис) на архивскиот материјал;
- сместување во регистратори и архивски кутии, како и чување и заштита на документарниот и архивскиот материјал.

Покрај заведувањето и испраќањето на предметите, архивата континуирано извршува и други тековни работни задачи, кои вклучуваат средување и одлагање на архивски примероци, подготовка на копии за странки, телефонска комуникација, прием и услужување странки, како и поддршка на вработените во рамки на институцијата. Овие активности претставуваат составен дел од архивското работење и се реализираат паралелно со редовните административни обврски.

## 2. ОПШТИ РАБОТИ

Во извештајниот период, во рамки на надлежностите од областа на општите работи, спроведени се следниве работни задачи и административни постапки:

- Попис и сортирање на веќе постоечкиот библиотечниот фонд на Управата и воведување на електронска база со која се овозможува лесно користење и евиденција на литературата: **687 книги и 370 списанија**;
- Издавање на книги на вработените и заведување во библиотечна книга;
- Тековна подготовка на базата во координација со претпоставените за да се овозможување на користење на базата од страна на вработените;
- Зголемување на библиотечниот фонд со примање на нови доставени книги до Управата и нивно заведување;
- Останати преписки со други институции за давање на податоци и информации.

Во својство на Претседателот на комисија за попис на архивскиот материјал за 2024 година, еден од вработените на Управата ги реализираше следните активности и задачи:

- Прием, прегледување и распоредување на трајните акти, заведување на **763 архивски трајни предмети** во базата за потребите на пописот и распределување на работа до членовите на комисијата, како и административно-техничко обработување на актите и нивна класификација;
- Сместување во регистратори и архивски кутии, чување и заштита на документарниот и архивскиот материјал;
- Достава на Попис и опис за 2024 година до Државен архив на РС Македонија;
- Превоз на службени лица на локално ниво и државно ниво.

Во **Одделението за финансиски прашања** се вршат работи што се однесуваат на следење и примена на законските и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално - финансиското работење, подготовка на буџетот на Управата и неговата измена и дополнување; следење на извршувањето на буџетот на Управата; контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување; управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата утврдени со буџетот; изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на Управата; изготвување на финансиски план за извршување на буџетот; сметководствено евидентирање на извршување на

буџетот и подготвување на годишна сметка; подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација; пресметување и исплата на платите на вработените во Управата; изготвување на годишен план за јавни набавки и следење на нивната реализација; давање мислења по предлог активности што ги изготвуваат другите организациони единици на субјектот и предлогот на акти на други субјекти кои имаат и може да имаат финансиски импликации за буџетот на Управата; изготвување на информации и извештаи за извршувањето на буџетот и други финансиски работи. Во Одделението нема редовно вработени лица, работите ги извршува Раководителот на секторот, а зодредени работни задачи ги извршува еден вработен од Одделението за архивски и стручно-административни работи.

Во извештајниот период реализирани се работи кои можат да се систематизираат во неколку категории, и тоа:

1. Следење на законските прописи од делокругот на работа на одделението;
2. Извршување на буџетот на Управата за периодот од 01.01.-30.06.2025 година, преку изработка на финансиски планови, проширување и промена на плановите и пренамена на средства по конта и програми на одобрениот буџет;
3. Спроведување и следење на јавните набавки за потребите на Управата;
4. Финансиско управување и координација на капиталните проекти;
5. Пресметка и исплата на плати и придонеси од плати;
6. Благајничко работење;
7. Трезорско работење;
8. Изработка на завршна с-ка за сметките на Управата;
9. Буџетска контрола;
10. Буџетска координација;
11. Учество или давање на консултација во изработката на актите на Управата кои предизвикуваат или можат да предизвикаат финансиски импликации и др;
12. Работи и работни задачи кои се во надлежност на другите сектори и независни одделенија во Управата.

## V. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

За работа на Управата согласно буџетот за 2025 година беа одобрени 48.602.000,00 денари на сметка 180016009760310 (буџетска с-ка). По основ на ребаланс на буџет и прераспределба на средства, средствата на буџетската сметка изнесуваа вкупно 45.964.452,00 денари, со процент на реализација од 99,57%.

За реализација на капиталните проекти, Скопска тврдина Кале, Возобновување на Светиклиментовиот факултет на Плаошник и Евиденција на културното наследство за 2025 година беа одобрени 15.000.000,00 денари. По основ на ребаланс на буџет и прераспределба на средства, средствата за реализација на

капиталните проекти изнесуваа вкупно 9.726.218,00 денари, со процент на реализација од 90,57%.

За реализација на капиталните проекти, Скопска тврдина Кале и Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник во текот на 2025 година отворена е посебна сметка и со ребалансот на буџетот се одобрени вкупно 46.260.000,00денари, со напомена дека реализација во 2025 година нема реализација на капиталните проекти од оваа сметка. Во текот на 2025 година не се побарани средства за реализација на активности на посебната сметка од страна на Министерството за култура и туризам.

Во продолжение е прикажан табеларен преглед на одобрени средства, средства по ребаланс и прераспределба на средства, одобрен план за реализација (за самофинансирачката и донаторските сметки), износ на реализација и процент на реализација, кој се однесува на извештајниот период.

# ПРЕГЛЕД

## ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО 2025

## БУЏЕТСКА С-КА 603-10

| СТАВКА | ПОТСТАВКА | О П И С | Одобрен Буџет за 2025 | Ребаланс на Буџет и пренамени и др. со 31.12.2025 | Реализација на 31.12.2025 | Реализација во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Расходи** | | | | |
| **40** | | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **37,382,000** | **35,857,000** | **33,311,532** | **92.90** |
| | 401 | Основни плати | 26,254,000 | 25,254,000 | 23,599,476 | 93.45 |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 10,503,000 | 10,003,000 | 9,180,060 | 91.77 |
| | 404 | Надоместоци | 625,000 | 600,000 | 531,996 | 88.67 |
| **42** | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **9,080,000** | **9,080,000** | **8,883,009** | **97.83** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 700,000 | 980,000 | 899,103 | 91.75 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3,000,000 | 3,000,000 | 2,988,566 | 99.62 |
| | 423 | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 300,000 | 300,000 | 297,023 | 99.01 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 2,000,000 | 2,000,000 | 1,988,424 | 99.42 |
| | 425 | Договорни услуги | 2,800,000 | 2,520,000 | 2,482,256 | 98.50 |
| | 426 | Други тековни расходи | 280,000 | 280,000 | 227,637 | 81.30 |
| **46** | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **440,000** | **3,440,000** | **3,440,000** | **100.00** |
| | 464 | Разни трансфери | 440,000 | 3,440,000 | 3,440,000 | 100.00 |
| **48** | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1,700,000** | **132,920** | **132,574** | **99.74** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 1,400,000 | 132,920 | 132,574 | 100 |
| | 481 | ГрадеЖни објекти | 300,000 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВКУПЕН БУЏЕТ | 48,602,000 | 48,509,920 | 45,767,115 | 94.35 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 48 | | **Капитални проекти** | 15,000,000 | 9,726,218 | 8,818,603 | 90.67 |
| | 482 | 21 - Скопска тврдина Кале | 2,000,000 | 1,880,000 | 1,880,000 | 100.00 |
| | 465 | 22 - Универзитет на Св.Климент кај Плаошник | 0 | 4,505,342 | 4,505,342 | 100.00 |
| | 482 | 22 - Универзитет на Св.Климент кај Плаошник | 10,000,000 | 3,332,466 | 2,424,851 | 72.76 |
| | 464 | 28 - Евиденција на културното наследство | 3,000,000 | 8,410 | 8,410 | 100.000 |

**ПОСЕБНА С-КА 631-17**

| СТАВКА | ПОТСТАВКА | О П И С | Одобрен Буџет за 2025 | Ребаланс на Буџет и пренамени и др. со 31.12.2025 | Реализација на 31.12.2025 | Реализација во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Расходи** | | | | |
| 48 | | **Капитални проекти** | 0 | 46,260,000 | 0 | 0.00 |
| | 482 | 21 - Скопска тврдина Кале | 0 | 8,000,000 | 0 | 0.00 |
| | 482 | 22 - Универзитет на Св.Климент кај Плаошник | 0 | 38,260,000 | 0 | 0.00 |

**САМОФИНАНСИРАЧКА С-КА 787-17**

| СТАВКА | ПОТСТАВКА | О П И С | Одобрен План за 2025 | План на 31.12.2025 | Реализација на 31.12.2025 | Реализација во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Расходи** | | | | |
| 46 | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | 395,000 | 395,000 | 70,281 | 17.79 |
| | 464 | Разни трансфери Самофинансирачка | 395,000 | 395,000 | 70,281 | 18 |

**ДОНАЦИИ - УНЕСКО 785-10, СОВЕТ НА ЕВРОПА 785-24, ЦЕНТРАЛНО ЕВРОПСКА ИНИЦИЈАТИВА 754-43**

| СТАВКА | ПОТСТАВКА | О П И С | Одобрен План за 2025 | План на 31.12.2025 | Реализација на 31.12.2025 | Реализација во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Расходи** | | | | |
| 46 | | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | 1,000,000 | 1,000,000 | 0 | 0.00 |
| | 464 | Разни трансфери УНЕСКО | 240,000 | 240,000 | 0 | 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 464 | Разни трансфери Совет на Европа | 740,000 | 740,000 | 0 | 0.00 |
| | 464 | Разни трансфери ЦЕИ | 20,000 | 20,000 | 0 | 0.00 |

## VI. КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

**Управа за заштита на културното наследство**

Адреса: ул.Павел Шатев бр.3, П.Фах бр.220, Скопје

Телефон: 02/5517-700

Веб страна: http://uzkn.gov.mk/

Социјални мрежи:

Facebook: Управа за заштита на културното наследство

Број на следбеници: 2.600

## РАКОВОДИТЕЛИ НА СЕКТОРИ:

| Сектор: | Изработил: | Потпис: |
|---|---|---|
| Раководител на Сектор за идентификација, заштита и користење на културното наследство | *м-р Билјана Јовановска* | |
| Генерален инспектор - Раководител на Сектор за превенција и инспекциски надзор на културното наследство | *м-р Жаклина Петровска* | |
| Овл. раководител на Сектор за меѓународна соработка, документација и дигитализација на културното наследство | *м-р Ивона Опетческа-Татарчевска* | |
| Раководител на Сектор за општи работи, финансии и правна заштита | *д-р Дејан Ристовски* | |

**Директор**
**Весела Честоева**

Влада на Република Северна Македонија